**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Сто дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продоллжуваме со работа по Сто дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Зоран Крстевски, Есад Рахиќ, Игор Ивановски, Мите Николов, Зоран Томиќ, Рафет Муминовиќ, Неждет Мустафа, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Али Ахмети, Фазли Велиу, Абдилаќим Адеми, Теута Арифи, Гзим Острени, Љубчо Георгиевски, Слободан Чашуле и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Според евиденцијата досега се пристигнати 58 пратеници, а со оглед на тоа што расправате беше затворена треба да преминеме на гласање на заклучокот.

Претресот по седмата точка е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за судовите.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за судовите, при што ќе ги има предвид, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Објавувам пауза до 11,30 часот.

Ги молам сите пратеници да дојат во 11,30 часот, за да преминеме на гласање на заклучокот.

(По паузата)

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Според евиденцијата присутни се 79 пртеници, кои се пријавени дека присуствуваат на седницата.

(Со седницата продолжи да претседава претседателот на Собранието д-р Љупчо Јордановски).

**Љупчо Јордановски:** Сега се присутни 61 пратеник.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61, 58 за, 3 воздржани, нема против.
Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за прекршоците**

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Потребата за донесување на Законот за прекршоци, произлегува пред се од потребата за заокружување на правната рамка, на казненото законодавство во Република Македонија, имајќи предвид дека Собранието во текот на 2004 година ги донесе измените и дополнувањата на Кривичниот законик и Законот за кривична постапка и од потребата за законско уредување на уставниот основ утврден во амандманот 30 од Уставот на Република Македонија, согласно кој покрај судовите, за одделни прекршоци утврдени со закон, санкции ќе можат да изрекуваат и органи на државната управа и организации и други органи што вршат јавни овластувања.

Законот за прекршоците содржи голем број новини, меѓутоа, ќе се осврнам само на оние кои ги сметам особено значајни кои го детерминираат концептот на самиот закон.

Основна цел, која треба да ја постигнеме со донесувањето на Законот за прекршоците е и во оваа област да изградиме казнено правен систем без јакнење на репресија, кој истовремено ќе обезбеди гаранции за заштита и почитување на човековите права и слободи, согласно Европската конвенција.

Од тие причини, со Законот се предлага нов систем за санкции, имајќи го предвид помалото општествено значење на прекршоците како повреда на општествени вредности, што не се заштитени со кривичното право. Паричната казна е заменета со глоба како главна санција, а укината е казната затвор како придонес на полибералниот пристап кон полесните форми на казнување.

Меѓу другото, законот дава основ за спроведување на медијаторството кај прекршоците. Предвидувањето на претходна постапка на мандатни санкии, порамнување и посредување помеѓу органот надлежен за покренување прекршочна постапка и сторителот

на прекршокот произлегува од искуствата на другите земји кои покажуваат дека голем дел од споровите се решаваат вонсудски со користење на институтот медијатрија.

Во однос на усогласувањето со измените на Уставот на Република Македонија, со одредбите на овој предлог за донесување закон, дадени се дел од можните решенија за законско уредување на уставната одредба, која дава можност покрај судовите и други органи да водат постапка за прекршоци и да изрекуваат санкции за сторен прекршок.

Почитувани пратеници, дозволете ми да нагласам дека во оваа прва фаза, со донесувањето на новиот закон за прекршоци ја утврдуваме потребата за донесување на законот и дека сите конечни решенија зависат и од вас и од вашето залагање, заедно да направиме, што е можно подобар, покоегзистентен закон во интерес на граѓаните на Република Македонија. Свесни сме дека се отворени многу прашања, кои произлегуваат пред се, од уредувањето на надлежноста помеѓу судовите и органите на државната управа од постапката која би ја применувале овие органи, како и утврдувањето на единствен пристап за обезбедување на судска заштита, против одлуките на овие органи. Но да дозволиме јавната расправа да го даде одговорот на овие прашања. Придонес во изготвувањето на конечниот текст на законот ќе дадете и вие со вашите дискусии во Парламентот, а очекуваме придонес да дадат и претставницита од правосудните институции на тркалезните маси кои Министерството за правда има планирано да ги реализира во текот на март месец, за да дојдеме до коегзистентни решенија за сите овие закони кои се пуштени во пакет во Парламентот.
Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за прекршоците.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за прекршоците при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 62 гласале за, 3 се воздржале, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за управните спорови**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Со Законот за управните спорови, што се применува во Република Македонија е сојузен пропис донесен во 1977 година, од страна на Сојузното Собрание на поранешна СФРЈ.

Со членот 5 од Уставниот закон, за спроведување на Уставот на Република Македонија од 1991 година, е регулирано дека постојните сојузни прописи се превземаат како републички, со надлежности на органите утврдени со Уставот на Република Македонија, кои треба да се усогласат во рок од една година од донесувањето на Уставот.

Од донесувањето на Уставот на Република Македонија изминаа повеќе од 15 години, а одредбите од Законот за управни спорови сеуште не се усогласени со Уставот. Поради тоа, пред Уставниот суд на Република Македонија по поднесена иницијатива од граѓани, спроведена е постапка за оценување на уставноста на повеќе одредби, кои се усвоени, поради што го прават законот неприменлив во пракса.

Од овие причини, ми се наметнува потреба од донесување на нов закон за управните спорови, кој ќе се усогласи со Уставот на Република Македонија, амандманите на Уставот, како и со законодавството на Европската унија, како трајна определба на Република Македонија за прием во Европската унија.

Една од целите на јавната администрација е создавање систем на јавна администрација која ќе работи врз основа на принципите на еднаков третман на граѓаните во остварувањето и заштитата на нивните права и интереси, со цел, администрацијата да биде сервис на граѓаните, каде што тие ќе можат да ги остваруваат нивните права и правни интереси.

Имајќи го предвид фактот дека во Република Македонија надлежноста, начинот и постапката за решавање на управните спорови е уредена со прописот од 1977 година, сметаме дека е неопходна потребата од реформа во системот на судска заштита над законитоста на актите донесени од органите на државната управа во Република Македонија. Во досегашната пракса највисокиот судски орган во организација на судската власт Врховниот суд беше надлежен да ги решава управните спорови, истовремено тој беше преоптеретен со огромен број предмети од управен карактер, кој ги надминуваа неговите

можности за ефикасно решавање, поради тоа граѓаните во Републиката се судруваат со проблемот на задоцнето решавање на нивните предмети од управна материја со исцрпувачко бавни и скапи управно судски постапки.

Поради тоа, беше неопходно потребно да се преиспита досегашното решение, и да се преземат решенија и стандарди кои се применуваат во системите на другите европски држави. Сето тоа ја наметна потребата од изготвување на нов закон за управните спорови.

Во сите изминати години, во Министерството за правда, се работело на аспект на закон за управни спорови,но се до денес таков закон не е донесен. Токму затоа, по усвојување на уставните амандмани, се јави неопходно потребата од усогласување на оваа материја со другите закони што се дел од овој реформски процес, пред се Законот за судови. Токму затоа, Законот за управни спорови,во собраниска процедура, истовремено со Законот за судови, за да може врз основа на судската организација да се предвиди и надлежноста во сферата на управните спорови.

Во моментов пред вас е Предлогот за донесување на законот. Сметаме дека навистина постојат основи за поддржување на оваа иницијатива, а како и за останатите закони, имајќи ги предвид дискусиите и во Парламентот и во јавната расправа и тркалезните маси што ќе ги организира Министерството за правда, ќе дојдеме до крајни решенија. Секако дека дел од овие одредби ќе зависат и од одредени измени што во втората фаза ќе се направат и во другите закони, а пред се во Законот за судови.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска, повелете имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе,

Јас ќе се потрудам накратко само да ги разјаснам оние дилеми кои ми се јавуваат при читањето на овој Предлог за донесување на закон за управните спорови.Ќе ја земам во предвид стратегијата за реформа на судскиот систем, Јавното обвинителство, бенефицијалниот систем, Јавното правобранителство, адвокатурата и нотаријатот, за која зборував и кога беше на дневен ред Предлог за донесување на закон за судовите и ќе го повторам.

На страна 15 од стратегијата под точка в) стои дека управните спорови претставуваат една од тесните грла во судството, создаден со годишен прилив од три илјади предмети. Значи годишно, управни спорови во Република Македонија се заведуваат три илјади. Додека Врховниот суд на Република Македонија решава само две илјади од нив. Понатаму се вели дека оваа концепција за првостепената надлежност на Врховниот суд на Република Македонија е рецидив од стариот систем, она што го зборeше министерот за правда и становиштето дека управните акти на извршната власт можат да бидат предмет на судско испитување само од највисокиот суд.

И, сега се прашувам, или гласно размислувам. Ако за три илјади предмети ние сме приморани да формираме посебен суд, Управен суд со седиште во Скопје, од тие три илјади предмети значи две илјади решава Врховниот суд, остануваат нерешени илјада управни спорови годишно. Се прашувам каде е логиката и потребата од формирање на посебен суд. Ова ќе го надоврзам на претходниот закон, или Предлог за донесување на закон за судовите кој го усвоивме, каде што е предвидено, покрај постојната организација на судството, да постои и виш суд. Сега, морам да се навратам на надлежностите кои беа предвидени со Предлогот за донесување на закон за судови, каде што во членот 33 се вели дека вишите судови се надлежни за водење на кривична постапка во прв степен, за кривични дела за кои е пропишана казна затвор над десет години и така натаму. Под б) надлежни за стечај и спорови што ќе настанат спрови за статусни промени, поделба, подвојување, припојување, спојување и организирање, спорови од авторски права и други сродни права и под в) меѓународна правна помош од својата надлежност признавање на одлуки на странските судови за работи од својата надлежност.

Значи, дадена е една рамка на вишиот суд, идниот виш суд кој треба да се формира во Република Македонија и прецизно се наведени одредбите или надлежностите на тој виш суд. Сега се прашувам зошто на време на надлежноста на правните спорови кога веќе ги формираме овие виши судови, да не биде префрлена на вишиот суд, со оглед на структурата и надлежностите кои тој ги има, предвидни со законот. Значи, кога решава за стечај, за спорови што ќе настанат, статусни промени, зошто да не биде надлежен и за управните спорови, како првостепена надлежност. Врховниот суд си останува да биде второстепено надлежен, доколку странката не е задоволна од првостепената пресуда. Јас затоа велам дека логика за формирање на посебен суд за 1000 предмети годишно, мене не ми се гледа дека тука има логика и го нудам како алтернативно решение, да размисли Министерството за правда, дали таа надлежност не треба да биде префрлена на вишите судови. Зошто, вака како што е предвидено во Законот за управни спорови, не е уредена само постапката за управните спорови, туку е уредена и организацијата и надлежноста која ќе ја има новиот Управен суд во Република Македонија, како што е предложено.

Во самата организација на Управниот суд, во членот 18, 19, 20, 21 и 22, или Глава 5, организација на Управниот суд, се вели дека тој е со седиште во Скопје. Значи, странките, како првостепено надлежен суд, ќе мора да патуваат во Гевгелија, во Демир Капија, во Дојран, Богданци, заради остварување на своите права,

доколку им се повредени со определен управен акт, а имаме алтернатива, три виши судови ,во Законот за судовите. Членот 19, став 1 вели: "Бројот на судии на Управниот суд се определува со одлука на Собранието на Република Македонија". Зошто Собранието на Република Македонија да го утврдува брорјот на судии во Управниот суд, нели велиме независно и самостојно судство. Дали, колку да му се даде значење и димензија на Собранието, да одреди дали бројот на судиите во Управниот суд ќе биде 5, 7 или 9, дали има потреба од ваква одредба. Во наредниот став вели дека Судскиот совет ги избира судиите на Управниот суд. Која е логиката Собранието тука да биде вметнато. Зборувам, во случај до колку воопшто се востанови потреба од основање на Управен суд, еден единствен на територијата на Република Македонија. Ќе повторам, алтернативата е давање на оваа надлежност на вишите судови, постојните надлежности кои се предвидени во Законот за судови.

Членот 21 како да е нацртан за некого, бидејќи вели:"За судија на Управен суд може да биде избрано лице што ги исполнува условите за судија на Апелционен суд". Значи истото лице треба да има најмалку 10 годишно искуство во одлучување по управните работи, или лица со научен степен, доктор на правни науки од областа на управното право. Јас навистина немам податоци колку доктори на правни науки од областа на управното право постојат во Република Македонија и дали е неопходна ваквата формулација за судија на Управен суд затоа што од самиот состав на управните судови ќе си го избираат претседателот, всушност Судскиот совет на Република Македонија од постојниот состав. Значи пак Судскиот совет ќе го избира претседателот на Управниот суд, а останатите во старт се елиминирани, освен оние кои се со 10 годишно искуство во управни работи или лица со научен степен, доктор по правни науки во областа на управното право.

Во останатиот дел од законот се уредува по онаа постапка која донекаде беше уредена и со Законот од 1977 година, како што рече министерот за правда, значи од бившите југословенски простори. Значи постапката е доразработена, токму како резултат на она што иницијативите на одредени граѓани укажуваат на усогласеноста на тој закон со Уставот на Република Македонија. Не сакам да навлегувам во самата постапка. Меѓутоа, принципиелно зборувам за потребата од формирање на Управен суд и организацијата на Управниот суд, така како што е предложено со овој закон.

Јас во оваа прва фаза ќе го поддржам законот за управни спорови, меѓутоа, се надевам дека Министерството за правда ќе размисли за оние укажувања кои ги имав во текот на дискусијата, посебно од постоење на еден таков концентриран управен суд, со седиште во Скопје, за целата територија на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали од пријавените дискутанти има некој за реплика? (нема)

Повелете господине Манев имате збор.

**Ефтим Манев:** Би сакал на кратко да се произнесам по предложениот закон. Најнапред сакам  да укажам дека и те како има потреба од донесување на закон за управните спорови, бидејќи во самото предлагање за потребите од овој закон се кажува дека имаме еден сосема стар Закон за управни спорови, уште од 1977 година, од СФРЈ, прифатен 1991 година од Парламентот на Република Македонија, како таков.

Во оваа прва фаза би имал некои мали забелешки и тоа каде што зборуваше колешката Којзеклиска, во членот 21. Сметам дека еден од условите кој се предвидува како прв услов, да има ист критериум како за судија на апелационен суд, бидејќи така е и предложено во законот за судовите, а се додава, надвор од тоа што е предвидено во Законот за судовите, еден друг критериум-"лице кое има најмалку 10 годишно искуство во одлучување на управни работи". Сепак семтам дека Законот за судовите е еден основен закон за судовите. Ако нешто такво се предлага, треба да постои во тој закон, а не посебно во овој закон. Предлагачот ќе треба да подразмисли за овој услов кој го предлага како посебен и дали треба да биде предложен. Јас сметам дека не треба да биде предложен како таков, бидејќи овој втор услов ако без првиот, ако има работно искуство од 10 години на управни работи, може да биде исклучиво и дипломиран правник, без да има и положен испит, правосуден испит, да биде судија на управен суд. Сметам дека во тој дел ќе треба малку да се подразмисли, да се изнесат и експертите и судиите да кажат, бидејќи сметам дека тој термин не е баш најсоодветен. Тоа е еднат амоја забелешка што мислам дека треба да се има предвид при предлагањето на законот.

Би укажал на уште една забелешка, а тоа е на членот 34 каде се предвидува упрравниот суд по негово видување, за спорови од потежок вид, да закаже расправа по убедување на судот, како и уште еден став каде стои дека и поднесувачот на тужбата за поведување на управен спорт, дека и тој може истото да го предложи, како такво. Во тој дел би сакал да го додадам следното:

Сметам дека ќе биде многу појасно тоа да се дефинира за кои управни спорови тоа може да се прави затоа што ќе се најдеме во една таква состојба што, барем вториот став ќе биде прилично корисен, подносителите секогаш ќе бараат да имаат можност да учествуваат директно во расправата во судот и ќе сметаат дека секој спор за него е важен и тежок и да може да се произнесе јавно и усно на самата расправа. Во тој дел сметам дека предлагачот со користење на искуство од судската пракса во Република Македонија, од научните институции, а исто така да се побара и некое упоредбено право од другите држави, во кој случај можат

странките, а и судот да побараат да има усна јавна расправа, кое нешто сепак треба да биде дефинирано во кои спорови тоа треба да го има. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Караџоски имате збор.

**Жарко Караџоски:** Веднаш на почетокот ќе кажам дека ќе бидам доста краток во моето излагање и веднаш ќе кажам дека овој закон јас лично ќе го поддржам, а верувам и пратеничката група на ВМРО-Народна партија.

Кои се причините поради кои ќе гласам за ќе ги кажам сега.

Прва и основан причина е тоа што овој закон доаќа како една нормална појава или работа затоа што Република Македонија со осамостојувањето, со самиот Уставен закон и со Уставот на Република Македонија од 1991 година, си зема за задача сите материи да ги регулира со свое законодавство, а додека тоа не го направи да ги применува оние кои важеа тогаш на таа бивша држава односно СФРЈ. Значи првата причина е тоа што овој е можеби еден од ретките закони што останал да не се донесе од ова Собрание, значи на една држава која е самостојна и независна, да применува некој закон кој датира од 1977 година, значи огромен временски период. Не само што се надминала и содржината на овој закон туку и целите општествени промени кои се случуваат, наметнуваат потреба овој закон да трпи измена. Значи, ако сега разговараме за потребата од донесување на овој закон, само од оваа причина е повеќе од очигледно дека  таква потреба има.

Втора причина е следната. Ако се определивме, во рамките на реформите на судството да направиме растоварување на судовите за да имаме поголема ажурност и ефикасност во работата, наметнувањето и отварањето на потреба за посебен суд кој го носи името управен суд, во функција на растоварување на Врховниот суд, сметам дека е добро ова решение и сметам дека тоа треба да се применува. Јас и во претходната расправа кога беше Закнот за судови, кажав дека за Република Македонија е добро решение кога се воведуваат специјализирани судови за специјализирани намени односно дела. Тоа би била втора причина.

Трета причина која аналогно се поврзува со втората е, ако имаме специјализиран суд за специјална надлежност, треба да имаме и специјализирани судии, што значи дека во овој суд ќе работат судии кои ќе работат исклучиво на одреден а проблематика, а претходно треба да исполнуваат одреден профил на знаење, поврзан со таквата надлежност. Значи ако имаме специјализирани судови, треба да имаме и специјализирани судии, во рамките на она што ќе значи поголема ефикасност во работата, но и поголема стручност. Ако се дава секој да работи се, се случуваше тоа што се случуваше во Република Македонија. Со времетраење можеше да трпи и самата одлука, но и со одлуки какви што имавме можност да ги видиме.

Четврто, сметам дека аналогно на сите овие три причини што ги кажав претходно, ваквата надлежност на еден специјализиран суд со профил на судии какви предвидува овој закон, ќе доведе до побрзо решавање на управните спорови. Да не заборавиме, оваа материја и те како е битна. Да не стојат одредени предмети односно скоро сите предмети кои се поведени во рамките на управниот спор, да стојат во Врховниот суд и само заради насрочување да чекаат најмалку две години, а камо ли да го чекаме она правосилно и конечно решение. Значи, две години да се реши еден управен спор е предолг период затоа што меѓувреме може да се сменат еден куп закони. Така што и самото решение кое би следело во една таква тужба за управен спор, утре може да биде и неприменливо. Значи мора да имаме поажурно и побрзо судење, а во рамкте на тоа треба да го растеретиме Врховниот суд и да имаме еден вако специјализиран суд.

Јас нема да дискутирам во правец на тоа дали надлежноста на ваквиот суд требаше да ја превземе некој друг и мислам дека е добро решение да имаме посебен суд затоа што имаме во пракса, дали оваа нaлежност ќе ја земат вишите судови или Врховниот суд, праксата е иста и имаме причина и потреба односно и можност да го видиме тоа во претходните години. Значи немаме никој поголем ефект. Кога одреден специјализиран суд ќе работи по специјализирани предмети тогаш и можноста за контрола е поголема и можноста за самата оправданост од постоењето на ваквиот суд исто така ќе биде оправдано. Значи тоа се оние четири главни причини поради коои што овој закон ќе го поддржам. Сакам да искажам само една забелешка , не би сакал да ги повторувам колегите во оние рамки на оние членови кои што ги искажаа како забелешки. Мислам дека постои една крупна забелешка .

И овој закон, како и претходните закони ја следи истата проблематика во која што не дефинира колку судии ќе ја обавуваат функцијата, односно, колку судии вкупно  ќе брои управниот суд, како што и во претходните закони не можевме да видиме колкав број на судии ќе има и во другите судови. Тоа е едната проблематика и мислам дека во овој закон треба да се означи бројот, барем оној минимален и максимален број што треба да го исполнува.Тоа е едната проблематика.

Втората проблематика која мислам дека е покрупна е тоа што бројот, значи конечниот број на судиите кои ќе работат во рамктеи на управниот суд, го утврдува Собранието на Република Македонија. Тоа е решение кое го имаме само во овој заон. За разлика од овој закон, во претходните закони, значи во Законот за судови, Законот за прекршоци и другите кои ги изгласавме, бројот на судиите го утврдува Судскиот совет. Сега мене не ми е јасно зошто во

рамките на другите судови, како што се Основниот, Вишиот, Врховниот итн, бројот на судиите да го утврдуваат Судскиот совет, а зошто во рамките на управниот суд тоа да го прави Собранието.

Јас кажам и сега ќе повторам, ако предлагачот го зазел овој правец, Собранието да го утврдува конечниот број, само не знам по чиј предлог, дали тоа ќе биде по предлог на Сидскиот совет, дали е предлог на Владата како извршна власт. Значи ако Собранието го утврдува, тогаш таквото решение треба да биде воспоставено во рамките на Законот за судови. Има тука логика и оправдување . Тоа не значи дека е мешање во рамките на независноста на судството. Апсолутно, јас повторно ќе кажам, заради финансиските средва, заради Буџетот на Република Македонија, заради оној Судски буџет кој е дефиниран, како што е дефиниран во Законот, сепак е дел од главниот буџет. Така што, ако ние при гласањето, сега зборувам кога би дошла онаа конечна верзија, не знаеме прво колку судии ќе имаме во Република Македонија, вкупно, колку судии ќе имаме во рамктие на управниот суд, колкку тоа ќе го оптовари Буџетот, дали тоа ќе значи зголемување или намалување на бројот на судии, дали тоа ќе начи намалување или зголемување на стручните соработници итн. Сето тоа го оптоварува Буџетот.

Една од главните обврски при носењето на секој закон, во образложеението на законот треба да се каже колку финансиски средства ќе повлече примената на овој закон. Ние во овие предлози не можеме да видиме колку финансисски средства, затоа што не е дефиниран точниот број на судии. Тоа е едната проблематика.

Втората крупна проблематика, при отворањето на вакви судови како нови судови, треба да се запрашаме, истото тоа го дискутирав и кај вишите судови, треба да се запрашаме дали се обезбедени деловни простории, каде овој суд ќе ја обавува својата работа, дали ќе треба посебна просторија за таа работа, колку тоа буџетот ќе го оптовари, дали Република Македонија има средства за екипирање просторно итн, и се она што подразбира една институција која нормално мора да ги има. Имајќи предвид дека Буџетот ни е таков каков што е, 90% е за социјални потреби, значи немаме голема можност да инвестираме во рамките на некакви сега отварање на дополнителни згради, ако пак одземеме од постоечките судски палати, да речеме од Врховниот суд итн, тогаш ништо не сме направиле освен што сме разграниле некаков си дел кое може да биде оддел на Врховен суд итн. Според тоа, ова се клучни прашања кои овој закон не ги даде и мислам дека во рамките на втората фаза таквата проблематика мора да се расчисти.

Ќе повторам уште еднаш, предлагачот мора да има еден единствен концепт по однос на бројот на судиите, без разлика за кој суд станува збор. Дали е управен, дали е виш или основен суд, мора да имаме едно чисто и прецизно решение кој тоа ќе го утврдува, дали Судскиот совет, дали Собранието на Република Македонија или можеби некој трет орган, но во рамките на Законот мора да постои чиста и прецизна одредба со образложение колку тоа ќе се оптовари на Буџет, колку финансиски средства се потребни или не и т.н. Потоа, во втората фаза да пристапиме кон едно такво решение.

Мојот став е, бројот на судиите да не го утврдува Судскиот совет, затоа што со таквата надлежност сме му наметнале една надлежност која не е својствена за тој орган, затоа што тоа е сосема друга надлежност пвоеќе врзана за извршната валст или до законодавната власт, бидејки на крајот на краиштата тие се најодговорни за носењето на Буџетот.

Почитуван претседателе, со тоа ја завршив дискусијата. Уште еднаш повторувам овој закон во права фаза лично ќе го гласам, а се надевам дека овие забелешки кои што ги искажав, предлагачот ќе ги земе предвид. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Господине Петров, повелете имате збор.

**Каме Петров:** Благодарам.

Почитуван господине претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колешки и колеги пратеници,

Правниот поим, само ако се има предвид правниот поим или институт управен спор, наречен управен спор, претставува сериозен предизвик за секој правник, посебно и пратеник во тој дел, за да учествува во денешната расправа на Собраниеот на Република Македонија.

Од друга страна пак, поднесениот Предлог за донесување на закон за управниот спор е дополнителен мотив за поцелосно да се согледаат досегашните решенија за управниот спор и новите решенија, изнесени во Предлогот за донесувањето на закон за управниот спор, што меѓу другото резултира прв пат кај нас да се основа суд за управниот спор, Управен суд. Но, тоа сепак не е мојот главен основ да учествувам во денешната дебата по Предлогот за донесување на законот за управниот спор.

Мојот избор или основната причина да кажам неколку зборови се дека работите на органите на државната управа и одлучувањето на органите на управата во поширока смисла на зборот, секогаш се основниот повод за покренувањето на управниот спор во праксата. Понекогаш, дури и не само нивните одлуки, туку и нивното неодлучување предизвикува потреба за покренување на управниот спор. Според тоа, иако во новиот Предлог за донесување на законот е вградена крупна новина во делот на управниот спор, во основа управниот спор претставува постапка за заштита на правните интереси на физичките лица, на правните лица и

на другите лица. Значи, Управнио тсуд одлучува за актите на органите на државната управа, на Владата, на другите државни органи, на општинтие, на градот Скопје, како и на органите и организациит, кои врз основ на закон вршат јавни овластувања и врз таа основа решаваат за правата и обврските на поединечните управни работи. Судот во управниот спор, според мене, и според понудениот Предлог за донесување на закон,одлучува и за актите на овие органи во прекршочна постапка, што е новина, во изборната постапка и за актите за избори, за именвуањата и разрешувањата на носители на јавни функции, за именувањата, назначувањата и разрешувањата на носители на други раководни државни службеници. Потоа, за договорите за концесија, за договорите за јавните набавки, против конечните акти за Агенцијата за државни службеници, за судир на надлежности на органите на одлучување и т.н.

Од сето она што е понудено во Предлогот за донесување на овој закон можеме да заклучиме дека управниот спор секогаш претставува судска заштита и дека тој секогаш е насочен во преиспитувањето на законитоста или незаконитоста на донесениот управен акт од страна на надлежен орган. Тоа мислам дека е централното прашање на управниот спор, на кое денес треба да му обрнеме внимание во расправата за потребата од донесувањето на законот за управниот спор.

Сето ова го подвлеков ана ваков начин, затоа што на пример во кривичната постапка во прашање е противправноста на дејствието, умислата, небрежноста и во секој случај прашањето на вината.

Во граѓанското право, посебно во парничната постапка, во прашање е повреденото или загрозеното право на една или на повеќето странки во спорот. Додека овде, во управната постапка или во управниот спор, секогаш во прашање е државата или нејзинио туправен орган, поточно неговиот законски или незаконски акт. Според тоа, до понудениот Предлог на законот се третира правото на управниот спор да се остварува како право на заштита на поединечниот правен интерес тогаш кога државата или органот донесол незаконита одлука.

Ваквиот заклучок, не само што произлегува од првите неколку членови на Предлогот на законот за управниот спор, туку најпрецизно е утврдено во членот 11 од овој акт, според кој тужената страна во управниот спор е органот чиј акт се оспорува. Оттука, при вака поставените работи и посебно на вака назначениот редослед на постапки, логично се наметнува прашањето колку беа добри досегашните одредби за управниот спор, преземени од бившата СФРЈ, за каков степен на усогласување станува збор, каква судска заштита ќе се обезбедува сега со институтот управниот спор, независно дали таа судска заштита ќе се обезбедува во прв степен, во втор степен или со вонредно правни лекови.

Погледнато од тој агол, мислам дека предлагачот, Министерството за правда, односно Владата на Република Македонија, доста умешно, прилично вешто се движи во овој сегмент на прилагодувањето на уставните амандмани на домашниот правен поредок, во делот на управното право од една страна, ги заменува ингеренциите на Врховниот суд од аспект на водење на трет степен од досегашниот управниот спор и притоа го воведува односно го основа Управниот суд. Од друга страна, исто така добро го уредува прашањето на второстепеноста на новиот суд, што до сега не беше предмет на управниот спор пред Врховниот суд на Република Македонија. Оттука, поради оптовареноста на Врховниот суд, меѓу другото и со управниот спор, со постапки од пред неколку години, сите овде кажавме, влијаеше на константната неажурност на овој суд, што беше на штета на сите судови, а посебно на остварувањето на останатите надлежности и обврски на овој Врховен суд.

Затоа, иако мислам и се трудам да бидам скромен во изнесувањето на добри квалификации во однос на предлогот за донесувањето на законот, посебно во однос на новите решенија, спек, мора да забележам дека денес е факт што со овој закон значително ќе го растовариме највисокиот суд во државата од еден тежок балас. Ќе го растовариме од непотребните ингиренции, а ќе му ги оставиме неадлежностите што претставуваат класика во одлучувањето на секој врховен суд во сите европски држави.

Во тао и ја согледувам реформата и во постапувањето не самопо управните предмети, туку и во работењето на целокупното судство во овој дел, посебно и во работењето на Врховниот суд.

Врз основа на сето до сега што го кажав и констатирав, можам да извлечам неколку мои лични заклучоци тоа се, поедноставно остварување на начелото на законитост, кое останува како основна максима на нашето домашно право хармонизирано и со европскотоправо, што е дотолку подобро. Со овој Предлог на закон, начелото на законитост, не само што останува како основно начело, туку во работата на Управата и во работата на Управниот суд, добива примарност, добива примарно значење. Понатаму, со овој закон на многу поедноставен начин. што исто така е многу важно се обезбедува, се ситуира законската заштита на граѓаните, на нивните прва и обврски наспроти правата и интересите на државните органи или органите на државната управа. Во тој дел, секако останува, зајакната и заштитата на јавниот интерес. Оттука , иако на прв поглед како политичко, но сепак како стручно произлегува прашањето зошто сите пратеници од опозицијата и од позицијата треба позитивно да се произнесеме по овој Предлог за донесување на закон за управниот спор. Тоа, особено од следните причини.

Прво, бидејќи станува збор, како што реков, за законитост, но и второ за спор за полна јурисдикција. Спорот за законитост за што треба сите да се залагаме е спор на конкретен управен предмет. Тоа значи е субјективен спор, спор на физички и правни лица за чии интереси се донесува овој закон. Управниот суд тука оценува само за тоа дали тој акт, тој управен акт е донесен согласно законот. Ако не е донесен согласно законот, Управниот суд ќе го поништи тој акт. Тоа е огромна сатисфакција на тужителот.

Второ, тоа е спор за полна јурисдикција, што на едно место во законот, во Предлогот, многу скромно се споменува и овде треба да се дообјасни и допрецизира. Зошто судот во вооj случај, покрај оценката на законитоста, може и тој самиот да го реши предметот. Значи судот не само што не е врзан за првостепеното одлучување со својата пресуда, може во се да го замени првостепеното решение. Но, во законот треба да се вгради дека судот тоа може да го направи, особено во следните случаи.

Доколку природата на правната работа тоа го дозволува, тоа е една од работите. До колку податоците, фактите и доказите даваат сигурна основа судот со пресуда да ја реши управната работа и кога судот со пресуда, со која ја поништува управната работа односно управниот акт, судот одлучува и по барањето на тужителот за враќањето на предмети, за надоместокот на штета и т.н. Иако, спорот за полна јурисдикција е исклучен од редовната управна постапка, а се применува во овие случаи, токму тие исклучоци мислам дека треба да бидат вградени во законот.

Законот, исто така мислам дека појасно треба да направи разлика меѓу претходните и дополнителните спорови. Вопрвиот случај тоа е кога органот не донел никаков акт, што е случај со молчењето на администрацијата. Под тоа подразвирам дека Управниот суд одлучува за незаконитоста на непостапувањето по органот, а не за незаконитоста на актот и дополнителниот управниот спор кога судот решава во управниот спор, дури кога е донесен тој управен акт.

Според тоа, јас назначин некои политички аспекти, некои практични,правни и т.н. кои треба да се уредат во законот. Невелам дека одредбите во законот задолжително треба да ги содржат термините што денес јас ги употребив, туку во него треба да се направи јасна разлика на она што треба да се решава во редовна постапка и во институтите што денес јас ги спомнав. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Петров.

Госпоѓо Иванова, повелете имате збор.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам претседателе, господине заменик министре.

Јас само накратко ќе сакам да се осврнам на законот за управните спорови. Овој закон може да го гледаме односно потребата од негово донесување можеме да го гледаме од два аспекти.

Прво од уредување на постапката во која што ќе постапуваат судовите по предметите за заштита на правата и интересите на физичките и правните лица во управната псотапка и од потреба за организирање на нов суд и неговата организација и надлежност на судот кој што ќе постапува по овие предмети. По однос на постапката, потребата за постапката, јас мислам дека е неминовна, затоа што дури и еден правник кој првпат влегол во судот да го прашате кој закон е најпотребен да се донесе и кој е најнејасен до сега и најдолго очекуван, ќе каже дека е тоа Законот за управните спорови, затоа што можеби овој е еден од ретките закони кој што сеуште важи, а е донесен во 1977 година и е преземен со уставниот закон. Тука, мислам дека нема дилема што има потреба од доенсување на овој закон и е долго очекуван, особено од судиите и од сите правници, а секако и од граѓаните кои остваруваат права во овие постапки. Дали има потреба од нов суд за постапување по овие предмети од Управниот суд, јас ќе кажам дека да секако и од претходните дискутанти, од дискусиите со мали исклучоци се виде дека навистина има потреба од востановување на еден ваков специјализиран суд . Затоа што, ако се види од предметите кои што се во работа во Врховниот суд за 2004 година вкупно биле 6645 предмети, од кои 4185 останале нерешени, во 2005 година 7288, од кои 4032 останале нерешени. Ако се има предвид дека со новиот уставен амандман 22, каде што уредивме дека двостепеност во Управната постапка пред органите ќе биде регулирана со закон, ќе имаме огромен прилив на нови предмети и тука веќе нема дилема дека има потреба од ваков суд, а дотолку повеќе ако се има предвид дека една третина можеби од вкупниот број на судии во Врховниот суд, се занимаваат и работат на оваа материја.

Мислам дека навистина потребно е еден ваков закон, и треба да го подржиме и треба да го поздравиме востановувањето на судот кој што ќе се занимава со овие предмети, и да му дадеме посебно значење затоа што овој суд ќе има и едни други надлежности, а тоа е решавање по поединечните акти во изборната псотапка, за разрешување на носителите на јавните функции и на раководните државни службеници и секако дека овој суд бара стручни лица, односно судии кои што ќе се тесно специјализирани и ќе поседуваат огромна стручност за решавање на овие предмети.

Значи, ова околу потребата. Околу содржината на законот јас имам неколку забелешки.

На членот 19, каде што е уредено прашањето за утврдување на бројот на судии на Управниот суд и таму е предвидено Собраниеот на Република Македонија да го утврдува бројот на судиите.

Мое мислење е дека ако овој суд е дел од судскито систем, треба да биде третиран исто како останатите судови, без разлика од која област ќе решава предмети и решението треба да биде анологно со решението во Законот за

судови, каде што надлежноста е дадена на Судскиот совет, затоа што сметам дека и Управниот суд иако ќе решава посебен вид спорови тој е дел од судскиот систем.

Во излагањето мое на аргументите околу потребата за донесување на овој закон и потребата од востановување на ваков суд, кажав дека за судиите кои што ќе решаваат по овие предмети потребна е тесна и многу голема специјалност, меѓутоа во членот 21 каде што се утврдени условите да биде лице избрано за судија на Управен суд, за мене нејасно е дали овие услови се кумулативни. Значи, дали за да биде избран судија на Управен суд, потребно е да ги поседува условите за судија на Апелационен суд и да има најмалку десетгодишно искуство во одлучувањето во управните работи. Тука треба да се доразработи оваа одредба.

На членот 46, кој што се однесува на вонредните правни средства, затоа што овој суд ќе одлучува само во една степен, незнам дали можеби има потреба да се подразмисли и двостепеност, не знам тоа ќе кажат експертите. Во правосилната пресуда на Управниот суд, странците ќе можат да вложат, да побараат вонредно правно средства, а барањето за заштита на законитоста исклучиво може да го вложи јавнио тобвинител. Потребно е во членот 46 да се додаде одредба, со која што ќе се утврди дека иницијатива до Јавниот обвинител, може да поднесе секоја заинтересирана странка во спорот, за да не се стекне впечаток дека оваа постапка ќе се поведува по службена должност.

Понатаму, членот 59 е упатна одредба, која што упатува дека во постапките во управните спорови ќе се применуваат соодветно одредбите од Законот за парнична постапка, и имајќи го во предвид решението од овој член.

Членот 60 е непотребен и треба да отпадне затоа што со членот 60 се регулира прашањето за трошоците во управните спорови кои ги поднесува, доколку имаме упад на одредба еден ваков член не е потребен во овој закон.

Содржината на законот ја оценувам како добра, дискусиите кои ги имавме и на Комисијата и тука ќе имаме уште подобар закон и со предлозите кои ќе ги дадат експертите, но едно од најважните прашања за мене и дилема која се отвора пред мене е членот 75 - преодните и завршните одредби кој се однесува на преземањето на предметите од страна на управниот суд од Врховниот суд. Таму е дадено едно решение министерот за правда да донесе подзаконски акт, упатство за преземање на предметите.

Јас сметам дека овој член треба да се доразработи затоа што во пракса, да биде поконкретен, ние сме имале во пракса кога ги укинувавме стопанските судови слично беше решението и ми се случи тоа што не требаше да се случи, голем број на предмети да бидат изгубени.

Затоа предлагам предлагачот добро да го разработи ова решение за да не ни се случи она што ни се случуваше во минатото.

Ова се моите забелешки околку овој закон, го поддржувам и предлагам што побрзо да биде донесен. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Јашари, имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател, на почетокот сакам да нагласам дека јас како и моите колеги ќе го поддржам овој Предлог закон за донесување на овој закон во однос на решавање на управните спорови. Има многу причини за тоа, јас ценам дека на правниот систем во Македонија му е потребен еден ваков закон затоа што, како што знаеме сите во Македонија сега е веќе независна, од 90-тите години додека овие спорови со административен карактер, за жал, биле уредени со одредби од еден закон кој е донесен од поранешна Југославија.

Од друга страна ќе кажам дека засновајќи се врз одредбите на овој закон сите знаеме дека овие спорови се од административен карактер во правец на нивно решавање како надлежен орган бил Врховниот суд на Република Македонија. Кога се имал предвид фактот дека бројот на овие спорови така како што беше кажано претходно статистичкиот број бил 3.000, можеме да дојдеме до констатација дека има тенденција на зголемување на ефикасноста на решавање на овие спорови, се предвидува да се востанови еден посебен судски орган како што е управниот суд.

Заснивајќи се на Предлог-законот кој претходно помина во прва фаза, тоа беше законот за судовите со кој сигурно по неговото донесување во Македонија ќе имаме ново организирање на овој систем, значи на судскиот систем, со што се предвидува, освен судовите, основни судови и врховни судови ќе има и виши судови во оваа насока засновајќи се на уставните измени кои ги донесовме пред извесно време преку кои создадовме уставна основа за основање и востановување на специјализирани судови.

Сега преку овој предлог со настојување на усогласување со овие одредби се предвидува тоа како што кажав и претходно основање на специјализирани судови - управен суд.

На почетокот ќе кажам дека го поддржувам овој Предлог, сум за овој Предлог за основање на еден ваков управен суд, сепак дозволете ми накратко да ги изнесам моите забелешки во однос на текстот на овој закон.

Претходно беше кажано, јас сум за тоа, доколку цениме дека судската власт треба да биде независна да се заснова врз начелото на независност и самостојност, тогаш е добро во оваа насока, поаѓајќи од фактот дека управното судство е судски орган и треба да се заснива на ова начело и во насока на тоа бројот на судиите кои нормално ќе се вработат или ќе работат како

такви судии да не се утврди бројот на тие судии во Собранието како законодавен дом.

Кратко речено лично сум против членот 19 став 1 во кој се предвидува бројот на судиите во управниот суд да се утврди со одлука на Собранието на Република Македонија.

Доколку внимателно се анализира членот 21 во овој контекст би се надоврзал и на членот 20 и одредбата на овој закон која говори за надлежностите на овој орган можеме да дојдеме до констатација дека основна надлежност на управниот суд во иднина ќе биде решавање на управните спорови во суштина првостепени.

Членот 21 бара за судии на управниот суд да се изберат лица кои ги исполнуваат условите за да бидат судии во Апелационен суд и природно така како што се предвидува или да бидат лица со научно звање доктори по правни науки од оваа област. Ценам, бидејќи се говори за суд од прв степен добро е членот 21 воопшто да не постои, да се избрише од причина што членот 20 предвидува можност именувањето или разрешувањето се прави согласно законот за судовите.

Во оваа насока сакам да нагласам дека условите кои се предвидуваат за судии во Основниот суд или судовите од прв степен да се предвидат истите и за управниот суд иако сум свесен дека сепак се говори за специфичен суд затоа што самите управни спорови се специфични.

Инаку, секоја од забелешките кои беа кажани од моите колеги, не би сакал да ги повторувам, ценам дека забелешките беа на место и ги поддржувам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Ви благодарам господине Јашари.

Госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе, сосема накратко би сакала да ги искажам нашите размислувања по однос на Предлогот за донесување на закон за управните спорови.

Најпрвин би сакала да повторам, само за потсетување, дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ уште при носењето на уставните амандмани го кажа својот став за формирањето на управниот суд. Исто така и кога расправавме за законот за судовите кажавте дека е неоправдано за нас формирање на управен суд најпрвин заради тоа што немаме конкретни анализи за тоа колкав е бројот на предметите, пред малку имавме можност да слушнеме од колешката Којзеклиска дека се работи за 1000 предмети годишно , ние имаме сознанија дека годишниот прилив на тие предмети по управните спорови е од 1500 до 1900 и од тие причини сметаме дека решението за управините спорови да се пренесат на управен суд е неоправдано и заради дополнителните трошоци кои ќе го оптоварат Буџетот и Судскиот буџет со самото формирање на еден нов управен суд и со трошоците за кои ќе се товарат граѓаните, бидејќи ќе има еден управен суд и тие ќе бидат принудени да патуваат за да ги остварат своите права.

Сметаме дека е подобро решението управните спорови да се пренесат на основните судови со зголемена надлежност, бидејќи има вакви судови 10 во државата, а по жалбата да решаваат Апелационите судови и да се гарантира правото на жалба на одлуките по управните спорови со што ќе се растовари и Врховниот суд, а тоа беше заедничка заложба, управните спорови да се иземат од надлежноста на Врховниот суд.

Тоа е начелно по однос на генерално забелешката за формирањето на управните судови, овде ќе напомнам дека сме за тоа да се специјализираат судиите и да работат во овие специјализирани одделенија без да се бават со други постапки и на тој начин ќе се обезбеди поефикасно работење на овие специјализирани управни одделенија.

По однос на текстот на законот ќе се осврнам на членот 1 на некои решенија на одредбата од членот 1 каде зборува дека управниот суд во управните спорови одлучува за законитоста на актите и на органите на државната управа, Владата и другите органи, општините и градот Скопје, организациите кои се утврдени со закон и на правни лица и други лица во вршење на јавни овластувања, значи носители на јавни овластувања.

Во членот 6 зборува за организации и заедници кои вршат јавни овластувања, но сега не се спомнуваат лицата носители на јавни функции, исто така тоа е и во членот 16 каде се зборува за други организации и заедници, сметаме дека е неопходно потребно да се дефинираат термините организации утврдени со закон и на правни лица и други лица во вршењето на јавните овластувања за да биде појасно на кои управни акти се однесува односно кои управни акти ќе ги разгледува управниот суд.

Понатаму, неопходно е потребно да се предвиди посебна глава за основните начела врз основа на кои ќе се дефинира постапката во управните спорови. Овој предлог е усогласување со предлогот за донесување на законот за судовите членот 10. Особено е важно при дефинирањето на начелата да се утврдат кои од нив ќе се применуваат во постапката по управен спор, а кои не, со оглед на условот од член 10 од Законот за судовите. Притоа предлагаме дека од особено значење е предвидување и вградување на институти кои ќе обезбедат примена на принципот на јавност во постапката и одлучувањето.

Примената на овој принцип е од особено значење заради остварување на основната цел на судството непристрасно применување на правото и тогаш кога како странка се јавува државен орган кој се наоѓа во надредена положба во однос на странката по повод поединечниот акт.

Исто така е потребно да се предвиди и извршност на одлуките. Како последица на ваквиот предлог во членот 5 да се додаде, каде што се зборува пресудите на судовите донесени во управни спорови се задолжителни, а извршни во случаите предвидени со овој закон, значи овде да се спомене и извршноста на одлуките.

Во членот 10 се вели во управниот спор може да се бара и враќање на одземените предмети како и надоместок на штетата што му е нанесена на тужителот со извршувањето на актот кој се оспорува.

Овде институтите од членот 10 треба да се разработат во која постапка , на кој начин и под кои услови тоа ќе се направи.

Во членот 12 и во другите членови од Предлогот за донесување на закон точно треба да се дефинира кое лице може да биде заинтересирана странка. Овде се кажува само ако на трето лице на кое поништувањето на оспоредниот управен акт непосредно би му било од штета како заинтересирано лице во спорот има положба на странка. Значи, точно да се дефинира кое лице може да биде заинтересирана странка.

Навремената мерка да не и претходи постапка предвидена во членот 13 од Предлогот, туку да се предвиди услови за нејзино изрекување како кај парничните времени мерки под додатен услов, ако тоа не е спротивно на јавниот интерес.

Притоа е потребно точно да се предвиди во кои случаи изрекувањето на времената мерка е спротивна на јавниот интерес.

Во членот 21 се вели дека за судија на управен суд може да биде избрано лице што ги исполнува условите на судија на Апелационен суд и понатаму се вели и лице кое има најмалку 10-годишно искуство во одлучување по управни работи и лица со научен степен доктор на правни науки од областа на управното право.

Сметаме дека треба да се исклучи можноста за судија да биде избрано лице со 10-годишно искуство, а притоа да нема соодветен испит, можеби такво лице би можело да биде предложено како судија поротник, во тој случај во членот 17 треба да се дополни дека Советот го сочинуваат совети од 5 судии од кои 3 судии и 2 судии поротници.

Исто така во овој член да се исклучи можноста лица со научен степен доктор на правни науки од областа на управното право да можат да бидат избрани судии. Имено, овие лица немаат доволно практично искуство како што тоа го имаат лица кои ги исполнуваат условите за судија на Апелационен суд и со тоа се создава нееднаква положба во однос на кандидатите и можноста за избор.

Членот 34 вели дека за управните спорови судот решава на не јавна седница поради сложеноста на спорната работа или ако инаку најде дека е тоа потребно заради подобро разјаснување на состојбата на работата судот може да реши да се одржи јавна усна расправа. Сметаме дека овде треба да се вгради принципот на јавност дека седниците на управниот суд по правило се јавни, а не не јавни. Може да се исклучи јавноста само за точно со закон утврдени предмети кои би се дефинирале според соодносот во чија корист превагнува правичноста ставајќи ги во конкуренција принципот на јавен интерес и принципот на непристрасност во постапката.

Особено е потребно да се предвиди јавност во постапката на управниот суд кога се работи за одлучување по акти за прекршоци.

Кога ќе се предвиди постапката да може да биде јавна со расправа и одредбите кои се дадени во членот 40 став 3 и 4 нема да има потреба од друг орган или друг редовен суд да утврдува фактичка состојба.

Во однос на правното средство - жалба, потребно е да се предвиди жалба особено за одлуки по акти на органите по прекршок.

На крајот по однос на глава 9 - вонредните правни средства по барање на заштита на законитоста да се предвиди можност барањето за заштита на законитоста да може да го покрене и Народниот правобранител кога со правосилната одлука во управен спор е повреден закон на штета на странката, а не на јавниот интерес и сметаме дека со тоа би се задоволил принципот на правичност.

Исто така цениме дека е потребно да се предвиди глава и одредби за извршност на одлуките. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Иванова имате реплика или збор?

Повелете три минути реплика.

**Цветанка Иванова:** Мислам дека целото излагање е за реплика, но накратко, бидејќи имам само три минути.

Прво, по однос на оправданоста дали се потребни управни спорови. Јас го кажав заостатокот на предмети 2006 година е 4.107, секој месец имаме околу 500-тини предмети прилив на кои работат моментално 9 судии на Врховен суд.

Ова заради јавноста, не заради реплика.

Што е заинтересирана странка секој правник знае, заинтересирана странка е таа што не е странка во предметот, само се задира во нејзините права и интереси и тоа треба да го докаже пред суд, тука нема потреба од некое дополнително објаснување.

За времените мерки мислам дека треба да знае колешката дека ќе се донесе нов закон за обезбедување претходни привремени мерки и не знам уште што. Мислам дека ова од прилика е кратко реплицирање.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева имате една минута.

**Силвана Бонева:** Почитувана колешке, јас кажав најпрво дека немаме сериозна анализа Министерство за правда. Тоа го потврди и

министерката и кажа дека во наредната фаза на носење на овие закони од обласа на судството ќе имаме конкретни анализи за бројот на предметите, за причините зошто е неажурно нашето судство и врз основа на тоа ќе цениме тогаш што е потребно да се внесе во законот. Тоа беше кажување на министерката за правда.

Наш став е исто така дека врховните судови се претрупани и со управни спорови и од таму предлагаме по жалба да решаваат апелационите судови. Овде сме да ги кажеме сите свои видувања и забелешки што треба да стои во овој закон, со цел да имаме подобро решение. И Силвана Бонева не кажува сопствен став, туку кажав тоа е став на ВМРО-ДПМНЕ.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Лалчевска имате збор, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе, само накратко.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам немојте да користите накратко збор, зашто сите што кажаа накратко по 10 минути зборуваа.

**Ристана Лалчевска:** Вие имате обичај да го мерите времето, па мерете го времето. Ќе видите дека сум кратка.

**Љупчо Јордановски:** Накратко беа сите а зборуваа по 10 минути.

**Ристана Лалчевска:** Потребата од донесување на овој закон е детерминирана со уставните измени кои ги донесовме и во кои е предвидена пред се, можност за основање на нови судови.

Второ, законот, по кој до сега се работеше во сферата на управните спорови е временски надминат, бидејќи е закон уште од претходната држава, кој го превзедовме како републички и 15 години го употребувавме.

Значи, тоа се двете основни причини, поради кои мора да се донесе овој закон.

Две основни забелешки имам, кои се издиференцираа и во расправите на другите колеги, кои би сакала јас да ги потенцирам, бидејќи беа тоа мои основни забелешки на законот. А тоа е членот 19, околу определувањето на бројот на судии во идниот управен суд. Тука не е определен бројот, туку е оставено дополнително да се утврдува бројот. Според мене, во втората фаза покрај бројот на предметите кој го најави предлагачот дека ќе бидат анализирани и ќе бидат утврдени колкав е бројот на предмети, тоа е да ја основа при детерминирањто, меѓутоа, тоа да биде законски. Значи, во втората фаза законски да се детерминира, колкава ќе биде бројката на судии. Не можеме такво суштинско прашање да го оставиме надвор од законот. Тогаш целиот овој закон односно основањето на овој суд би губел секаква смисла, ако законски не е определена бројката на судовите. Очекувам во втората фаза дека тоа ќе биде направено и ќе ја нагласам детерминирано бројката на предмети кои во меѓувреме ќе се анализираат. Тоа е основната забелешка.

Друга забелешка е ако го видиме членот 21 и условите за лицата кои можат да бидат избрани за судии во овој суд, вели кои ги исполнуваат условите за судија во Апелационен суд. Јас апсолутно не се согласувам со ова, бидејќи се работи за суд од прв степен. Еве веднаш во корелација со членот 4 во кој точно и законски се прецизира дека се суди во прв степен. Ако се суди во прв степен, тогаш апсолутно нема потреба за идните судии во овој суд да исполнуваат услови како за апелациони судии. Значи апсолутно, дури и другите 10 години искуство во одлучување на управни работи и тн. се знаат кои се условите за судија во прв степен што суди. Значи целиот член 21 да се брише.

Тоа се основните забелешки што имав да ги изнесам. Очекувам дека во втората фаза ше бидат прифатени. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Лалчевска, навистина бевте кратки. Јас се извинувам што кај вас ја направив таа забелешка.

Нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Предлагам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Присутни се 61 пратеник. Се надевам дека во меѓувреме, додека го прочитам заклучокот, ќе дојдат уште некои пратеници. Значи заклучокот гласи:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за управните спорови.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за управните спорови, при што ќе ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достават до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 10-Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за привремен увоз, Истамбулска конвенција, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за рарификација на Конвензијата за привремен увоз, Истамбулска конвенција.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеника 58 гласале, 58 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници, 58 гласале, 57 за, еден воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници 57 гласале, 57 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација.

**Минуваме на точката 11-Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за уредување на меѓусебните имотно-правни односи, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за уредување на меѓусебните имотно-правни односи.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници 57 гласале, 57 за, нема воздржан, нема против.

Косntатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници 60 гласале,  60 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници 60 гласале, 60 за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација.

**Минуваме на точката 13-Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за судсите такси.**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

(Со седницата продолжува да претседава господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието).

**Слободан Најдовски:** Има збор заменикот министер за правда.

**Субхи Јакупи:** Попчитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Изменувањето и дополнувањето на Законот за судски такси е неопходно потребно заради отпочнување на имплементација на Законот за парнична постапка.

Во овој Предлог-закон се интервенира само во делот на таксени тарифи, што се однесува само на Законот за парнична постапка.

Имено, Законот за парнична постапка како новина воведе задолжителен правен институт, одговор на тужба, доколку не се почитува, произлегуваат правни последици.

Од тие причини, сметаме дека поради ваквото утврдување законска обврска, странките треба да ги ослободиме од плаќање на судска такса. Бараме да се поддржи овој предлог. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор пратеникот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** Благодарам потпретседателе, како искажувањето на предлагачот на законот, од тоа кои се потребите, сметам дека истите и те како се потребни, бидејќи се во корист на граѓаните, да се избегне една судска такса, која што до сега се плаќаше кај поднесувањето на одговорите на тужбите, каде што не беше облигаторно, по однос на фактот што со Законот за парнична постапка, сега одговорот на тужбата е облигаторени мислам дека е во корист.

Сепак би кажал, ако не беше од ваков интерес овој предлог, не би гласал, од причини што до сега по истиот закон имаме шест измени, со оваа седма, што укажува дека предлагачот требал да предложи нов закон кој ќе биде многу попрегледен, почист, поприменлив. Од 1990 година па наваму има измени скоро секоја година и сметам дека предлагачот треба да предложи еден нов закон кој ќе биде многу поегзистентен за работење на сите странки во постапката, во граѓанска, во кривична, во управна, каде што се применува овој закон во сите тие постапки.

Би замолил дека ова не е тешка работа во овој мандат на Собранието да се предложи комплетна измена и нов закон кој што скоро ќе се препише целиот, но ќе имаме единствено право во еден закон, а не како што е сега во пет-шест закони. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Манев.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да го ставиме законот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата, да преминеме на гласање.

Сега имаме доволен број на пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник гласале 58, 58 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за судските такси.

**Минуваме на точката 14-Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за јавните патишта, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, зо Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Се извинувам Законот за финансиска...

**Слободан Најдовски:** Не, не, Законот за јавните патишта.

**Ристана Лалчевска:** Јас се извинувам, го погрешив законот.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменик министерот за транспорт и врски господинот Дејан Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници,

Од досегашната примена на Законот за јавни патишта, во делот на определување на субјектите кои се ослободени од плаќање надоместок за користење на патиштата во Република Македонија, се дојде до констатација дека голем број на субјекти кои се ослободуваат од плаќање на овој надоместок. Имено со членот 109 од постојниот Закон за јавни патишта, се ослободуваат од плаќање на надоместок возилата на Армијата на Република Македонија, Собранието и Владата на Република Македонија и собранијата на единиците на локалната самоуправа, противпожарната служба, полицијата, итната медицинска помош, странските конзуларни претставништа, Јавното претпријатие Македонија сообраќај, инспекциските служби за патишта, хуманитарните организации наменети за хуманитарна помош, погребалните возила и царинската управа. Со вака утврдената законска одредба, всушност се ослободени од плаќање на надоместок само возилата на напред наведените субјекти и тоа во вршењето на нивните службени потреби. Меѓутоа, во праксата се врши злоупотреба односно повеќето од наведените субјекти ова право го користат и за приватни потреби.

Целта на измените на законот не е да се зголеми наплатата на надоместокот за користење на патиштата, туку да се спречат можните злоупотреби во наплатата на надоместокот за користење на патиштата и да се ставаат во рамноправна положба сите граѓани во Република Македонија.

Владата оцени дека со законот е потребно да се ослободат од плаќање на надоместок само возилата со полициска придружба, возилата на Армијата на Република Македонија, полицијата, итната медицинска помош, противпожарната служба и погребалните возила кои видливо ќе бидат означени, како и возилата на лицата заболеми од дистрофија, дијализа, мултиплексссклероза, церебрална парализа, параблегија, детска парализа и лица со ампутација на рака или нога, со признато телесно оштетување над 80%.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Чедомир Краљевски:

**Чедомир Краљевски:** Се јавив за збор по однос на овој закон од причина што чувствувам дека Владата, за жал, работи според логиката - "да му умре на комшијата козата".

Како што го слушнав заменикот министер, целта на овој закон не била да се зголеми наплатата на патарината на наплатните рампи. Единствена цел на законот, барем така образложи заменик

министерот, мојот пријател, е да се воспоставела некаква рамноправност помеѓу субјектите кои го обавуваат патниот сообраќај во Република Македонија.

Меѓутоа, ако малку подобро се погледне Предлог законот за изменување на Законот за јавни патишта и членот 109 од постојниот Закон за јавни патишта, ќе се види дека овој закон е насочен токму на одредена категорија функционери во Република Македонија. Ќе ви кажам кои функционери. Тоа се само пратениците, според мене и според текстот на овој закон. Ме чуди која е смислата на донесување на еден закон, ако не би била овде во овој закон, единствена и посакувана цел, да се зголеми наплатата на наплатните рампи, а да се образложува дека било само да се доведат граѓаните во Република Македонија во некаква си рамноправна положба. Значи ние пратениците сме тие кои сме ја кршеле рамноправноста во Република Македонија и ние сме тие најповиканите на кои треба да им се ограничи правото на бесплатна патарина, користење на јавните патишта во Република Македонија без да се плаќа патарина. Притоа, предлагачот на оваа законска одредба, најверојатно, не знам од кои мотиви заборавил дека пратениците според еден друг закон, важечки закон, а тоа е Законот за пратеници, се ослободени од плаќање на патарина низ јавните патишта во Република Македонија. Тоа впрочем го пишува и во пратеничката легитимација каде стои дека пратеникот го ужива правото на слободен јавен превоз по патиштата низ Република Македонија. Значи сега доведуваме во коализија два закони, овој закон што ни се предлага и ако се усвои во ваква форма и содржина и постојниот закон за пратеници. Тогаш пратениците како категорија на функционери секако дека ќе се повикаат на постоечкиот закон за пратеници и тие, би рекол, по еден заобиколен пат ќе ги рефундираат тие средства од финансиските служби во Собранието. Значи, не се исполнува ни таа цел. Тогаш треба јасно и гласно да се каже која е целта на донесување на законот, не во ваква скриена форма, демек ќе кажеме дека одредени функционери користат бенифиции, поминувајќи бесплатно преку наплатните рампи, а да се крие правата вистина. Правата вистина всушност е да се зголеми наплатата на патарините низ Република Македонија. Меѓутоа, не се постигнува на ваков начин. За да се постигне правата, посакуваната цел, треба да се смени целокупниот систем на наплата на патарините.

Јас предлагам предлагачот, поради оваа причина да го повлече овој закон, малку повеќе да осмислат еден нов предлог на закон во кој евентуално би вовеле чип картички и тогаш субјект на наплатата ќе биде секоја кола која минува низ наплатната рампа, а нема да биде субјект на наплатата, возачот т.е. човекот кој управува со таа кола. Ако секое возило користи одредени чип картички, кога ќе наближи кон наплатната рампа, по некаков автоматизам ќе се крене рампата и ќе помине возилото, без да се гледа дали е тоа комшија, роднина, близок пријател, пратеник или друг функционер, или по други релации некаков си близок човек на тој што работи на патарината. Од тие причини, знаејќи дека постои голема злоупотреба при поминувањето низ наплатните рампи, бидејќи луѓето што работат на наплатните рампи, за волја на вистината, навистина вршат злоупотреби, сега не ми е мене надлежноста да ги откривам злоупотребите, има служби за тоа кои треба да го утврдат и да го санкционираат. Тоа пред се е внатрешната контрола во Јавното претпријатие Македонски патишта, или некои инспекции кои навистина ќе треба да си ја вршат работата и да ги санкционираат тие појави, евентуално на Министерството за транспорт и врски односно на денешниот предлагач на овој закон, да му предложат како треба да се зголеми наплатата на патарината во Република Македонија. Со ваков закон тоа нема да се постигне. Значи овој закон ја промашил целта, бидејќи ако ги споредиме двата текста, на актуелниот закон и на Предлогот на закон, ќе видиме дека само Собранието и Владата на Република Македонија и собранијата на единиците на локалната самоуправа, на извесен начин се потенцирани. Меѓутоа, ако се земе природата на работата на Собранието односно на пратениците кои се дисперзирани низ цела Република Македонија, со место на живеење, додека министрите сите се сконцентрирани во Скопје и нив ги возат возачи кои се вработени во Владата. Значи џабе е наведено дека и тие луѓе се санкционирани со овој закон. Меѓутоа, пратениците сами се возат со свои возила и единствена категорија од функционерите кои ќе бидат, не погодени, јас реков, преку начин на рефундација од финансиската служба во Собранието на Република Македонија, по Законот за пратеници, и тие нема да бидат погодени од овој закон, меѓутоа само се создава една фама во јавноста дека, еве пратениците се тие кои користат одредени бенефиции и на овој начин, со ваков закон се потенцира таа работа во јавноста во Република Македонија. Од тие причини не е фер ваквиот закон што потенцира таква работа кај пратениците. Тој повеќе е популистички и служи за некакви си, ајде да кажам предизборен маркетинг. Не се постигнува ништо. Суштината треба да биде зголемување на наплатата и санкционирање на злоупотребата на наплатните рампи, од страна на вработените во Јавното претпријатие Македонски патишта. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

За реплика се јавува господинот Драган Ѓорѓиев.

**Драган Ѓорѓиев:** Сакам да реплицирам на неточните податоци изнесени од страна на пратеникот Чедомир Краљевски.

Овде имаме прецизирање, стеснување на правната рамка на оние кои се изземаат од ослободување на плаќање на надоместокот. Таа

група е поширока отколку што беше изнесено од господинот Чедомир Краљевски.

Се изземаат не само возилата на Собранието и на Владата на Република Македонија и собранијата на единиците на локалната самоуправа, туку и сите возила на Министерството за финансии, Царинската управа, сите возила на странските дипломатско конзуларни претставништа, сите возила на јавните претпријатија наменети за одржување на автопатишта, магистрални и регионални патишта, сите инспекциски служби за патишта и патен сообраќај итн.

Во досегашниот закон стоеше дека ослободување на надоместокот се однесува на возила на, и тие возила да бидат ослободени, а се искористуваше од сите тие споменати служби кои сега се изземаат, со легитимации, сообраќајни дозволи итн. Несомнено имаше кршење на законот. Сега имаме прецизирање во овој дел каде прецизно се опфатени одредени групи и тоа: се ослободуваат од плаќање на надоместок возила со полициска придружба, видливо означени возила на Армијата на Република Македонија, полицијата, итната медицинска помош, противпожарната служба и погребални возила и возила на лица заболени и тука се наброени, дистрофија, мултиплексссклероза итн, со одредени потврди. Сега тие државни институции кои имаат законска обврска да им ги вратат парите за наплатената патарина од страна на вработените, тоа ќе биде направено од страна на државните институции со приложување на фискални сметки. Инаку, треба фискализација и дигиталицација за човечкиот фактор да не влијае во однос на процентот на наплата. Меѓутоа, да се каже дека само пратениците се изземени, не е точно затоа што голема група на вработени во државната администрација се изземени и ставаме попрецизно дефинирање на овој закон и помала можност за кршење на овој закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Чедомир Краљевски.

**Чедомир Краљевски:** Јас не очекував од некој колега пратеник да ми реплицира на мојата дискусија, меѓутоа, очигледно кога ние сами себе не се цениме, доаѓа и до вакви ситуации и до вакви нелогични предлози на закони. Зарем институцијата пратеник вие ја поистоветувате со институцијата вработен во Царинска управа, вработен во одржување на автопатишта кои имаат комерцијален однос со Јавното претпријатие, со инспекциските служби кои и така и така вршат одредени рефундации, бидејќи кој сектор ќе излезе да врши контрола на патот, а после тоа да не си наплати. Ние пратениците професионално си ја обавуваме оваа должност доаѓаме од разни градови во Собранието и институцијата пратеник треба да се подигне на едно повисоко ниво. Самите ако си ја срозуваме, тоа е друг проблем.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Краљевски.

Реплика има заменик министерот Кошутиќ.

Повелете господине Кошутиќ имате три минути реплика.

**Дејан Кошутиќ:** Ќе кажам многу кратко бидејќи се јасни состојбите. Мојот пријател и почитуван пратеник Краљевски знае со какви се проблеми и претходната и оваа Влада се соочува, и ќе се соочува ако еднаш не се застане на пат.

Значи не се поставува прашање за пратениците. Пратеникот пред малку добро кажа, точно е фокусирано на кои се однесува. Значи и министрите и сите останати именувани лица и функционери ќе си плаќаат патарина. Не е спорно со рефундирање, меѓутоа, приказната е затоа што ние воочено и пред два месеци имавме конкретен случај, кога имаше прва реакција на пратениците со нашите контроли на наплатните рампи. Значи не е спорно кога пратеник ќе се легитимира со легитимацијата на наплатната рампа. Надвор од тоа што пратеникот прочитал дека пратениците се ослободени од јавен превоз. Јавен превоз е автобус, железница. Тоа е една работа.

Околу легитимациите, луѓето кои работат на наплатните рампи не може да проверуваат дали во возилото се вози пратеник или не. Значи, тој ќе реагира на тоа дали му се покажува легитимација или не. Така што тоа се причините.

И тоа што пред малку господинот Краљевски даде предлог да се повлече законот, да кажам Владата не реши да го повлече законот и законот ќе остане на дневен ред денес.

**Слободан Најдовски:** Благодарам заменик министре.

Ви реагирав додека реплициравте заради тоа што дел од работите што ги кажувате не се така. Но, ќе имаме време сите да се докажеме во дискусиите. Ќе ве молам да кажувате така како што е и да не се делат лекции на пратениците и за она што не го прават, да велат дека се прави.

Повелете господине Краљевски, една минута контра реплика.

**Чедомир Краљевски:** И мојата реплика е во тој правец како што вие најавивте.

Прво, пратеникот е функционер кој професионално ја извршува својата должност во Собранието на Република Македонија. Пратеникот живее во разни градови низ Република Македонија. На секоја наплатна рампа доаѓа и покажува легитимација и врз основа на такво легитимирање е ослободен од плаќањето на патарина.

Се поставува прашањето што е јавен превоз во Република Македонија. Дали пратеникот кога ги користи патиштата низ Република Македонија, доаѓајќи овде, не учествува во јавниот превоз, па макар и со своето возило.

**Слободан Најдовски:** Ве молам без дофрлување.

Господине Краљевски ви истече времето за реплика.

Следен за дискусија е пратеникот Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам потпретседателе.

Небулозноста на овој предлог за изменување на Законот за јавни патишта, едноставно не го прави рамнодушен пратеникот, а да не се вклучи во дискусија.

Прво ќе почнам од причините за донесување на овој закон. Ги читаше заменик министерот причините за донесување на овој закон и она што е напишано во предлогот е, како и од потребата од постојано унапредување и подигање на квалитетот на услугите што ги дава Јавното претпријатие за патишта. Да се разбереме, квалитетот вие не можете да го подигате без пари.

Ако сакате да го подигнете нивото, морате да земете повеќе пари. Како Министерството за транспорт и врски решило да ги земе парите, решило со тоа што ќе ги ослободи, ќе го ограничи бројот на луѓето кои можат да бидат ослободени од плаќање на надоместок. И, сега, со овој нивни предлог, ги има само возилата само со полициска придружба. Видливо означените возила на АРМ, итната медицинска помош, против пожарната служба и возилата погребални или можеби требало да пишува погребалните возила, од брзање да го напишат и ги згрешиле местата на зборовите.

Третата категорија на луѓе кои се ослободуваат се лицата кои се заболени од естрофија, мултиплекст склероза итн. Членот 2, значи овој предлог се состои од два члена, а членот 2 вели: "Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник". Е, сега, ајде малку да зборуваме за парите. Иако, парите никаде не се спомнуваат тука, туку се повикуваат претставниците на Министерството за транспорт и врски на еднаквост на сите субјекти. Ќе повторам, во причините значи к валитет нема без пари. Во она фамозно пратеничко прашање колегата Жарко Караџоски го има поднесено на 112-та седница на Собранието на Република Македонија, оддржана на 27 октомври 2005 година гласи:"Колку приходи Министерството има односно годишно собира Македонијапат или Фондот за регионални и магистрални патишта"? Одговорот на Министерството за транспорт и врски вели "Согласно Законот за јавни патишта, како еден од изворите за приходи", а верувајте дека интенцијата на овој закон покрај ускратување на правата на категориите кои ги имаа претходно, тука тој не ги споменува пратениците. Зборувам за царинска управа, зборувам за инспекциските служби токму на надлежните институции кои треба да ги одржуваат јавните патишта, а зборувам и за странските, дипломатски конзуларни претставништва кои имаат свои возила. Значи, согласно тој Закон во одговорот се вели дека во програмата во делот на приходите од надоместок за употреба на автопат или на магистрален пат и нивни дел или објект од патот или таканаречена автопатна такса, планирани се 850 милиони денари. Ова го зборувам за Буџет од 2005 година или приближно 14 милиони евра.

Значи, две работи мора тука да разграничиме. Едната работа е ускратување на правата или ограничување на оние корисници на возила кои беа предвидени со членот 109 од Законот за јавни патишта на кој му се нуди измена со овој Предлог. Втората работа е зголемување на приходите на Фондот за регионални и магистрални патишта.

Да го прашам Министерството за транспорт и врски. Државниот советник во Министерството за образование, на пример, има неопходна потреба заради службена работа да замине во Струмица. Таму имаат проблеми соодветните училишта, тој е без полициска придружба, само со возило на Владата со регистрации А А . Дали тоа лице или тој владин службеник ќе плаќа патарина до Струмица, занчи тоа е патарина Петровец и патарина Велес и истите тие пари, откако ќе ги исфискализираме цела Македонијапат, ќе ги бара како рефундација од Министарството. Дали тука има логика? Смешно, небулозно вакви предлози на закони да се нудат, со тоа што парите од едниот џеб ќе ги ставаме во другиот џеб во рамките на Владата и на истата извршна власт. Тоа е многу важно прашање.

Понатаму, самиот претставник на Министерството за транспорт и врски кој присуствувал на Комисијата за транспорт и врски, госпоѓа Лилјана Поповиќе која е раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски, во своето кратко образложение пред Комисијата вели:"Таа ги наведе причините и целите за донесувањето на закон, нагласувајќи дека со намалувањето на бројот на субјектите кои се ослободени од плаќање на патарина, ќе се зголеми наплатата по тој основ, а ќе се намали злоупотребаат на статусот на одредени субјекти кои не ја плаќаат патарината". Значи, јас не се сложувам со она што го вели заминик министерот за транспорт и врски дека единствена цел е стекнување на еднаквост на субјектите, туку токму зголемувањето на приходот на Фондот за магистрални и регионални патишта е основната причина, покрај која ќе се впротнат и на оние субјекти кои ќе бидат ослободени од плаќање на надомест, доколку ваков смешен закон биде усвоен од страна на парламентарното монзинство.

Да прашам и нешто друго. Дали странските конзуларни претставништва во Република Македонија кои се укинуваат како ослободени од надоместок, ќе можат исто да плаќаат или задолжително ќе плаќаат патарина. И ова прашање е доста проблематично, затоа што знаме возилата на КВОР и на сите останати како минуваа на патарините со кренати рампи и тогаш не беше намалена наплатата, а сега кога на Министерството за транспорт и врски му светна

дека голема била злоупотребата или им се намалиле приходите, сега ќе ги зголемуваме со укинување на правата.

Еве, пратениците се 120 луѓе во државата, а дали сите се од надвор, тоа е дрго прашање. Дали со тоа ќе ги зголемиме парите во Фондот за магистрални и регионални патишта.

Друга работа, во полисите при регистрација на восила се вели, уплата за технички преглед на возилото 1000 денари, ова се работи за патничко моторно возило Сеад Толедо, на пример, надоместок за јавни патишта ова лице плаќа 2910 денари. Тоа е пак приход на Фондот за магистрални и регионални патишта. Што е основната надлежност на Фондот за магистрални и регионални патишта. Тоа се одржување, реконструкција и изградба. Дали освен Плетвар и Струмица, некаде Фондот за магистрални и регионални патишта врши реконструкција или изградба. Реконструкција секоја година се врши на мостовите од Штип, од Велес до Скопје и тоа секоја годиан и пак мостовите не се такви какви што треба. Јас зборував и четири години поднесував амандман да се обезбедат средства за изградба на уште еден пат. Одговорите континуирано беа дека и да се внесе тоа во програмата, не е сигурно дали тие пари ќе отидат за таа намена. Сепак, се работи за превос во кој секој ден возачите си го ризикуваат својот живот. Еве, ги имаме одроните кај Катланово, екипите на Македонија пат, дали се на Македонија пат или на Фондот за магистрални и регионални патишта, не знам, меѓутоа луѓето рачно расчистуваа, а возачите господ нека им е на помош кога треба да возат.

Друго нешто на што сакам да укажам, ако саката да отидете до Гостивар или до Тетово, вие плаќате 100 денари патарина во еден правец. Тоа се четири наплатини рампи, прекрасен автопат и јас кога треба од Штип да дојдам за Скопје плаќам 115 денари во еден правец, а знаете каков е патот, катастрофа и сега се прашувам врз основа на кои параметри се утврдени тие патарини, а и самиот премиер кажа дека можеби ќе има намалување на патарините. Верувајте, очекуваме дека со овој закон за јавни патишта ќе се однесува токму во делот на намалување на патарините, а не на ускратување на правата на луѓето кои ја вршат работата. Царинската управа, оние царинарници на пример кои се сместени во Миладиновци во Окта и кои се во придружба задолжително до Табановце и Јажинце, мора да минат патарина Куманово. И, досега тие минаа со службена легитимација. Од сега тие луѓе ќе плаќаат патарина со службено возило и дали ќе имаат полициска придружба, незнам, меѓутоа, после ќе треба да поднесат барање за рефундација на наплатената патарина. Сметам дека проблемот не е во тоа со два члена ние да ги ослободиме од плаќање на надомест, ако веќе се сака суштински да се реаѓира, тогаш во другите земји луѓето измислиле исто како што има во Трговци центар, си плаќаш колку време ќе стои возилото, ја покажуваш легитимацијата, ливчето и излегуваш. Во Турција, на пример, а и во Србија претпоставувам дека е така од она што го слушав со колегите, на првата наплатна рампа си земаш ливче, на излегување еден човек ја зема патарината и крај. Да се разбереме и за друга работа, злоупотребите кои постојат кај наплатата на патаринити, факт е дека постојат. Но, мене една друга логична работа, намам слетствен тек, Фондот за магистранлни и регионални патишта ја прибира целата патарина и од регистрации и од она што се случува на наплатните рампи. Вработени или луѓе кои ја земаат патарината се вработени од ЈП Македонија пат. Излегуа дека Македонија пат е експозитура за Фондот за магистрални и регионални патишта за патите кои треба да ги земаат тие. Дали законски треба ние да размислиме да го уредиме прашањето на наплата на патарината, ама не на ваков начин. Малку посуштински, а ова веќе на препад закон донесен, испровоциран од нешто, но се прашувам дали ќе се постигне целта и дали нема да има наредни злоупотреби од страна и на вработените во ЈП Македонија пат и од категориите кои постојат или кои ќе постојат со овој Предлог на Закон доколку не дај боже биде усвоен.

Затоа, апелирам до парламентарното мнозинство добро да размисли дали овој закон е неопходно потребен, а истовремено апелирам и до заменик министерот за транспорт и врски да го повлече законот, да размисли за суштинско решавање на проблемите на наплатата и за да се анулира злоупотребата која постои, за да можеме конструктивно да разговараме. Јас искрено да ви кажам немам податок и не знам дали министерот, заменик министерот ќе ми даде податок колку возила дневно минуваат низ патарините во Република Македонија, а ние лесно ќе го пресметаме приходот кој го има Фондот за магистрални и регионални патишта, па да го споредиме со се она што му е надлежност на Фондот за магистрални и регионални патишта, а што не направи за оваа низа на години, посебно со патната мрежа и инфраструктурата во источниот дел на Македонија. Јас не зборувам за Струмица, зборувам за патниот правец од Струмица до Радовиш и од Радовиш до Велес.

Апрелирам, до заменик министерот да го повлече законот и да се сконцентрира на суштинската цел на овој закон, а не со скратување на категории на оние возила кои досега беа ослободени од плаќање на надоместок меѓу кои, уште да прашам дали ЈП Македонија пат или возилата на ЈП наменети за одржување на автопатиштата на магистралните и регионални патишта, како што беше предвидено на прадходниот член ќе бидат задолжени да плаќаат патарина. Значи, ЈП од едниот џеб во другиот џеб ќе си става апсолутно непотребно, се служувам со климањето на главата на потпретседателот на Собранието, мислам тоа е страшна нелогичност. Ние имавме многу законоски предлози тука нелогични, ама ова е цар. Верувајте. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Има збор пратеникот Мешков Љупче

Повелете господине Љупче.

**Љупче Мешков:** Благодарам потпретседателе, почитуван заменик министре, почитувани колеги.

Јас исто така, се придружувам кон аргументацијата што моите колеги ја дадоа околу тоа дека не постојат некои итни и неодложни причини за донесување на еден ваков закон, поготово што навистна не ја гледам целта за донесувањето на овој закон. Ако е целта да се создадат односно да се добијат одредени финансиски ефекти, мислам дека работата е промашена , заради тоа што во случајот се работи само за 100-тина пратеници кои се надвор од Скопје и кои често патуваат, значи ги користат патиштата и затоа сега треба да плаќаат патарина. Поготово што за седниците на Собранието и за Комисиите, тие заедно со пати налози, веројатно, ќе си вршат рефундирање на парите што ги дале за патарина. Меѓутоа, се работи за нешто друго. Се работи за еден голем број на активности кој што ги има пратеникот, а кој не се поврзани само со присуство на седниците на Собранието или на Комисиите на Собранието. Се работи за координации, се работи за средба со гласачите, итн, особено имаме пратеници кои се од Скопје, а се избрани, да речеме, од изборната едниница на некој друго град. И, тие за да можат професионално да си ја извршуваат својата функција, се разбира дека треба да имаат често средби со своите гласачи.

Второ, ако е целта да се обезбеди еднаквост на граѓаните, во тој случај е уште еден прилог во погрешното сваќање на нееднаквоста, кое што и во досегашната пракса предизвика една линч атмосфера во, да речеме, за пратениците, особено во екот на решавањето на одредени закони дали се уставни или не се уставни и ако е злоупотреба, како што во образоложенитот стои, тогаш не знам каде предлагачот ја најде злоупотребата токму кај пратениците кои при поминувањето на наплатните рампи користат пратеничка легитимација, во која е и фотографијата што значи е исклучена секаква можност на злоупотреба. Заменикот министер рече дека тоа ќе важи дури и за министрите во Владата, меѓутоа министрите обично одат со полициска придружба и веројатно такво плаќање нема да прават. Значи, останува само пратениците кои со сопствени возила патуваат на седници на Собранието или за извршување на некои други надлежности кои ги имаат во извршувањето на функцијата. Значи, ако е целта да се постигнат некакви ефекти поголеми или да се надминат одредени неповолни состојби во оваа област, тогаш тоа се решава со некои други системски мерки со некоја пообемна измена на законот, за кој колешката Којзеклиска зборуваше, а незнам кој ефекти ќе се постигнат во оваа сфера ако се работи за измена само на една одредба во законот, која што со овој закон се предлага да биде изменета односно дополнета.

Сега, ваквата атмосфера која се создава во укинување на привилегиите на пратениците, се разбира најчесто доаѓа од јавноста и јас можам да ја разберам јавноста со оглед на тоа што во економската состојба во која се наоѓа ,често тоа го прават и новинарите, но ме чуди сега тоа да го прави токму извршната власт односно Владата со предлагање на еден ваков предлог, кога таа најдобро треба да знае која е улогата на пратеникот и кои се функции пратеникот треба да ги извршува во вршењето на пратеничката функција. Се разбира дека патарината можеби не е единсвениот елемент за тоа дали тој успешно или не успешно ја врши функцијата. Меѓутоа со еден ваков закон сега јавноста веднаш ќе почне да зборува дека еве пратениците повторно се борат за своите привилегии. А, ние борејќи се за тие привилегии, изгубивме се што ни беше привилегија, почнувајќи од додатокот за извршување на функцијата, па еве сега да речеме и до патарината, па некои приволегии кои наводно со закон сме си ги дале и тие се сега под знак на прашање. Значи, ни остана платата, па веројатно ќе уследи и некој закон и платата да се намали или да се земе и тогаш навистина ќе зборуваме за професионално зборување на пратеничката функција. Ние со закон ја направивме пратеничката функција да се извршува професионално. Друго беше кога директори беа пратеници, па и не беше многу битно дали ќе им биде укината некоја бенефиција во делот на патарината, но сега пратеникот е професионален, професионално ја извршува функцијата и тогаш мораме да ги имаме сите предуслови за извршување на пратеничката функција.

Ако еден пратеник треба 10 пати да помине од еден град во друг да се види со гласачите, нема никакви привилегии во смисла на обезбедување, нема ниту канцеларија, ниту службено возило, нема ни бенефиција во поглед на некакво материјално обезбедување за извршување на функцијата, јас не знам за каква професионализација зборуваме и како можеме да очекуваме успешно извршување на пратеничката функција.

Затоа јас мислам дека овој закон навистина и да биде донесен нема да ја исполни целта заради фактот што ние не можеме да сфатиме дека само се работи за укинување на бенефиција, ние не зборуваме за бенефиција, ние зборуваме за предуслови за успешно извршување на пратеничката функција. Ако сакаме, сега да не правам споредби со други парламентарни демократии, да не одземам време на пратениците, ќе видите каде се наоѓа пратеникот во Република Македонија. Ако сакаме пратеничката функција да ја извршуваме професионално и како што треба не наш, туку на граѓаните кои не избрале, мора да бидат создадени претпоставки за успешно извршување на пратеничката функција. Тоа укинување нема

да биде на штета на нас, нам ни завршува мандатот, но ќе биде на штета на извршување на функцијата на идните пратеници во ова Собрание.

Затоа мислам донесувањето на овој закон е некој вид популизам, а не носи никакви ефекти ниту финансиски ниту било какви други. Затоа јас ќе гласам против донесувањето на еден ваков закон. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мешков.

Дали некој од пријавените е за реплика? (Не)

Има збор пратеникот Апостолов, па да прашам дали ќе завршите до паузата до 14,00 часот?

Има збор пратеникот Петар Апостолов.

**Петар Апостолов:** Благодарам потпретседателе, јас нема да се задржам на делот за пратениците, бидејќи беше доста кажано, само можам да кажам со еден збор од мое лично искуство дека пратениците најмалку ја злоупотребуваат пратеничката легитимација, а овие три ипол години имам поминато над 150 илјади километри по патиштата во Република Македонија.

Јас би се задржал само на некои апсурдни работи на она што е предложено. Ќе бидам конкретен.

Во стариот закон беше предложено странските дипломати Јавното претпријатие наменето за одржување на автопатиштата, магистралните и регионалните, инспекциските служби за патишта и патен сообраќај и хуманитарните организации беа ослободени од патарина, но имаше посебна потврда од Фондот за магистрални и регионални патишта.

Сега, со новите измени, такви посебни повластувања Фондот не дава односно нема да ги ослободи, со други зборови оние работници што секојдневно ги гледаме по патиштата, работници од јавното претријатие Македонија пат мора и тие да плаќаат патарина кога ќе одат на своето работно место.

Исто така и инспекциските служби за патишта односно за патниот сообраќај и тие одејќи на своето работно место мора да платат патарина. Апсурд во самиот закон.

Сметам дека проблемот со овие измени нема да се изврши, туку треба внатрешна реорганизација во однос на наплаќањето на наплатните рампи.

Се додека не постои затежна организација односно реорганизација во однос на собирање на патарината, таков ќе ни биде каков што е сега. Со други зборови не можам да прифатам дека пратениците, пак ќе кажам на крајот, дека ја злоупотребиле својата патна легитимација и дека се единствени виновници затоа што се собираат помалку средства во Фондот за магистрални и регионални патишта. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Апостолов.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 13,56 до 15,02 часот)

**Љупчо Јордановски:** Господинот Караџоски не е тука, повелете господине Макрадули.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, почитувани колешки и колеги пратеници, мислам дека денеска, без разлика што неколку дискутанти зборуваа за законот или за потребите или не потребите од законот, мислам дека уште еднаш во очите на јавноста сите пратенички групи ќе ја изгубиме битката за рејтингот на пратениците, бидејќи не потребно некои пратеници се најдоа во овој закон, што мислам дека не држи и воопшто нема место.

Без разлилка што СДСМ ќе го поддржи овој закон, мислам дека негативното конто повторно ќе оди на сите нас затоа што, повторно да кажам, од неразбирливи причини се обидуваме да ги најдеме пратениците овде каде никој не ги спомна.

Имено, измените на Законот за јавни патишта се однесуваат за ослободување на плаќање на надоместок кои во изминтиот закон беа различни категории, а сега тие категории се намалуваат, колку што можев да ги избројам, шест различни категории. Сите зборувавме и сите се согласија дека постојат злоупотреби во наплаќањето на патарините, но наместо да го бараме решението или да укажуваме на тоа дека овој закон е добар обид да се тргне во решавањето на тој проблем, повторно по кој знае кој пат, се обидуваме да ги најдеме дупките во законот и веднаш да зборуваме дека некој повторно ќе го злоупотребува законот.

Еднаш да се задржиме на нешто што е факт, а тоа е на пример дека со Законот кој до сега е во сила на пример биле ослободени од плаќање надоместок сите возила на Министерството за финансии и Царинската управа. Ќе се согласите дека станува збор за 500 автомобили, ќе се согласите дека 500 автомобили веднаш ако почнат да плаќаат патарина ќе биде заштеда или ќе придонесе за зголемување на наплатата и ќе се зголеми приливот на пари што доаѓаат по таа ставка. Ако сакаме да гледаме позитивно на предлогот на Владата ќе видиме дека до сега биле ослободени возилата на Јавното претпријатие наменето за одржување кои сега ќе плаќаат. Странските дипломатско конзуларни претставништва биле ослободени, сега треба да се наплати и да се регулира.

Значи, од едно поголемо множество на возила што биле ослободени од плаќање, сега се стеснува бројот на возила што можат да бидат ослободени од плаќање, се прави огромен обид за намалување на злоупотребите кои постојат со наплаќањето и повторно се ободуваме да немаме позитивистички пристап кон овој Предлог на закон, туку се убедуваме да изнаоѓаме дупки во законот, но она што е најстрашно повторно некои се обидуваат со зборот пратеник во име на сите да го намалуваат рејтингот на пратениците, зборувајќи повторно, бидејќи станува збор за пари, еднаквоста ќе биде јасна дека пратениците

бараат да не плаќаат патарина. Тоа ќе оди на штета на сите нас. Мислам дека таа реторика на некои мои претходни дискутанти е апсолутно погрешна.

Добар беше пристапот на колешката Којзеклиска која побара некои прашања како тоа ќе се имплементира, како тоа ќе се регулира со возилата, даде некои конкретни примери, праша и мислам дека за тоа можеме да дебатираме, ама да се обидуваме ова да го кажеме дека се однесува за пратениците апсолутно не држи и мислам дека ни оди на штета на сите нас.

Уште еднаш да повторам пратениците ни до сега во законот не биле ослободени од плаќање на патарини, значи не постои законска регулатива која тоа го вели. Затоа да не се обидуваме сега во законот кој ќе се обиде повеќе од илјада нови возила, колку што можам да ги избројам, да плаќаат патарини да кажеме дека законот е лош и законот нема да донесе дополнителни средства во Фондот.

Затоа пратеничката група на СДСМ ќе го подржи овој Предлог за измени и дополнувања на Законот за јавни патишта, бидејќи е добар обид, ние цениме дека е добар обид да се решат многу прашања поврзани со начинот на наплатата иако можеме да зборуваме и за дигитализација или фискализација како еден од паралелните начини или паралелните мерки за решавање на овој проблем.

Тоа е ставот на пратеничката група, јас ќе искористам претседателе што сум на говорница, разбрав дека вие и сите што сме тука сме заинтересирани за гледање на фудбалскиот натпревар од 17,00 часот, па би ве замолил во име на повеќе пратенички групи со кои разговарав да ја завршиме седницата пред 17,00 часот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Да, така и ќе биде, бидејќи и мене ме замоливте. Ќе биде така.

Дали има реплика?

Повелете господине Мешков три минути.

**Љупче Мешков:** Благодарам претседателе,

Прво, морам да кажам дека многу ме бендиса смирениот тон со кој дискутираше мојот колега и се согласувам со него во делот каде вели дека многу ја користеа оваа привилегија без основа и дека треба во тој дел да се воведе ред. Но, колку ги разбрав другите пратеници, не зборувавме за враќање на привилегиите на сите овие категории, туку зборувавме дека оваа "привилегија" треба да остане за пратениците во Собранието на Република Македонија, значи за таа категорија корисници на оваа "привилегија", оти кај првите навистина се работи за привилегија, но кај пратеникот не се работи за привилегија, туку се работи за еден од предусловите за успешно извршување на својата професионална функција. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Најдовски, имате збор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе, мислам дека малку погрешно ја насочивме самата дискусија и се сведе на тоа дека главната измена на овој закон се однесува на пратениците, што не е точно.

Второ, дека тоа ќе ја зголеми или намали наплатата од патарината.

Од информациите кои ги имав во изминатите три години наплатата е постојано зголемувана и во споредба со претходните години покажува драстични покачувања, што значи дека и покрај сите аномалии кои беа спомнувани наплатата на наплатните рампи е зголемувана од година во година. Тоа е првата работа.

Зошто мислам дека некои работи од овој закон или ако се носи нека се донесе само во прва фаза, некои работи се збунувачки во најмала рака. Зошто збунувачки?

Прво, сметам дека со овој закон ќе имаме непотребни администрирања и зголемување на административни постапки. Можеби ќе звучи апсурдно или не, но ако се спроведе законот вака како што е даден кога наплатувачот на наплатна рампа ќе оди на работа тој ќе мора да плати патарина, заради тоа што на автопатот не може да се движи во спротивната насока, мора да ги помине другите наплатни рампи за да дојде на своето работно место и последната рампа каде тој ќе наплатува ќе треба да плати патарина. После Македонија-пат каде е вработен да му ја рефундира сметката.

Ајде да не бидеме толку буквалисти, но прашање кое се отвора со овој закон е следното. Според членот 136 од Деловникот се вели дека секој закон кој се предлага во Собранието доколку повлекува дополнителни финансиски средства треба да каже колку дополнителни финансиски средства ќе се обезбедат. Тоа во образложението од овој закон го немаме. Јас сум можеби еден од ретките пратеници што воопшто нема да ме засегне, сега за сега, овој закон. Јас не користам сега приватно возило, но сакам да зборувам во име на она што нам ни се случува. Токму поврзано со прашањето за дополнителни финансиски средства од Буџетот. За возилото со кое јас се возам ќе се плаќа патарина, но веднаш возачот ќе си ја поднесе сметката. Ние во Собранието ќе имаме зголемени трошоци. Тие не ни се предвидени во Буџетот. Дали ќе се соочиме со тој проблем како Собрание?

Втора работа ние како Собрание на пратениците воопшто не им исплаќаме патни трошоци кога доаѓаат на координација. Воопшто не им исплаќаме кога доаѓаат да поднесат амандмани заради тоа што, согласно законот, најмалку пет дена пред тоа треба да поднесат амандмани пред одржувањето на седницата. На пратениците не им исплаќаме никакви надоместоци кога имаат средби со делегации, кога доаѓаат на трибини и ред други работи.

Сега се поставува прашањето ако тие патеници кои се надвор од Скопје доаѓаат и плаќаат патарина тоа ќе треба да им го надокнадиме. Ако

им го надокнадиме она што значи патарина дали тоа ќе повлече и други трошоци кои треба Собранието да им ги исплаќа. Гледано од тој аспект треба малку да се позанимаваме, бидејќи ќе значат дополнителни трошоци на Собранието. Нема пратениците, како што некои мислат, да не бидам погрешно сфатен, пратениците да бидат во таа состојба, но морам да ви кажам дека ќе имаме дополнителни трошоци. Тие трошоци не ни се предвидени. Затоа правиме нешто од шупљо во празно.

Од тие причини сметам дека треба малку посериозно да пријдеме на законот. Го поддржувам сето она, сите напори кои се прават во смисла на зголемување на наплатата. Ги поддржувам напорите кои се прават за зголемување на наплатата на патарините. Поддржувам мерки кои треба да се преземат и ако треба да имаме законски измени, но убеден сум дека ова, барем дел од работите кои се нема да придонесатс кон тоа. Или строго да се дефинира кои се возилата кои ќе се пропуштаат заради тоа што мене ми е несфатливо едно фактички од кого ќе се земаат пари. Од Буџетот ќе одат во Македонија пат, Македонија пат на Фондот за патишта и потоа пак ќе ги вратиме во Буџетот. Не ја гледам смислата на законот, но најважното што сметам е дека законот треба да има образложение што ќе значи дополнителни трошоци во Буџетот на Република Македонија. Дали ќе се соочиме со проблеми, а ќе се соочиме и кога ќе дојде Државниот завод за ревизија кога ќе ги надминеме тие ставки или нема да држиме седници. Еве наједноставна пресметка дека секоја наша седница ќе биде оптеретена со дополнителни, ако не повеќе, 25-30 илјади денари.

Од тие причини сметам дека вака како што е законот предложен не може да оди. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Најдовски.

Повелете господине Флоровски имате збор.

**Александар Флоровски:** Почитувани колеги, законот е многу обемен така што за пет минути може да се свати суштината на овој закон. Фактички нема никаква суштина од едноставна причина затоа што законот сакам да го гледам на еден објективен начин без разлика што овде дел од пратениците и од позицијата и од опозицијата реагираа на различни начини некои го поддржуваа некои го одбиваа, некои не му даваа поддршка, но факт е дека барем во оној дел каде се говори за пратениците без при тоа да ми се земе за зло дека ова го говорам од личен интерес, јас сум пратеник од Скопје така што во овој закон не гледам некој посебен интерес ако приватно патувам ќе одвојам 200 или 300 денари колку што треба да се плати. Не е во тоа проблемот. Проблемот се состои во следното.

Покрај сите овие набројани институции, господине Кошутиќ се работи за ваш закон, следете ме малку со внимание. Покрај сите 11 набројани точки за 11 институции, дел опфатени кои нема да плаќаат, поголемиот дел ќе плаќаат, под точка 2 стои дека треба да плаќа и Собранието, единиците на локалната самоуправа нема да ги коментирам, што значи почнувајќи од претседателот на Собранието и пратениците не се изземени од ова што денеска ни го давате како предлог и ако денеска се изгласа стапува на сила после осум дена.

За жал во Македонија се создаде една крајно негативна клима со тенденција на секојдневно омаловажување на македонските пратеници и на македонскиот парламент како највисоко законодавно тело при тоа не водејќи сметка дека овие 120 души не се случајно избрани, дека се избрани од македонските гласачи, дадена им е доверба, седат тука, дискутираат, се согласуваат или не се согласуваат, во овој случај не се сложувам со ова што денеска го носите од многу причини. Некои ќе набројам.

Прво, ме чуди леснотијата што го носите овој закон сега при крајот на мандатот. Зошто ова не се направеше на време кога дојде СДСМ со својата коалилција 2002 година? Веднаш се наметнува прашањето дека владеачката гарнитура со овој закон, еве да не кажам грубо, си прави своевиден маркетинг.

Дека во таа насока се движат работите, ова што денеска ни го нудите и сите оние кои се опфатени во според стариот член 109, а според новиот член т.е. член 1, измена на членот 98, на некој начин не само што се омаловажува, покрај секојдневните написи за разно,разните привилегии на пратениците, не ставате во една класично неугодна ситуација овде да излеземе да расправаме по ова прашање, затоа што е опфатен и Парламентот и пратениците со можност ако бидеме за Законот некој надвор да ни чука, ако ги изразиме критичките тонови, некој да не плука.

Значи, прво не ставате нас во незгодна ситуација како пратеници и како второ, работите ги носите во минута до дванаесет. Значи квалификацијата дека се работи за политички маркетинг, дека еве во име на народот, правиме се што може да се направи, па и на овие пратеници ќе им скратиме дел од патарината која утре треба да се рефундира, а незнам зошто работите ги комплицирате на таков начин и се сложувам со колегата Најдовски што кажа, работите ги претурате од празно во шупливо. Фактички ништо не правите, само парите ќе свртат еден круг, ќе поминат одредени бирократски структури и овде некој на касата ќе им ги врати. Зошто тоа е воопшто потребно да се прави. Мене воопшто не ми е јасно, т.е. ми е јасно но ќе се воздрж ам од извишен коментар да не бидам погрешно сватен од граѓаните на Република Македонија. И она што е битно во сета оваа работа, го спомна господинот Мешков,од кое вели не можеме да бегаме, многу од пратениците овде, ако живеат во Скопје избрани се во други изборни единици, нормално е да се комуницира. Не може да ги ужива само привилегиите како што новинарите говорат за нас, огромни плати, привилегии, па

секретарки, па возила, па мерцедеси, ништо од тоа нема, да не ја маткаме и залажуваме јавноста, значи функцијата пратеник во Македонија е максимално деградирана, не ради овој закон, ради низа недоследности кои од 1990 година не успеавме да ги доведеме во ред, т.е. не успеавме, немавме волја да ги регулираме. И се наметна една друга работа, секогаш извршната власт да се поставува над законодавната, заборавајќи притоа дека министрите се избрани од овој Парламент, од овие пратеници. Дека логистичка поддршка ми даваат овие пратеници и дека во неугодни ситуации го подметнуваат сопствениот грб и истите овие пратеници.

За да не бидам погрешно сватен од македонските медиуми, а да ви кажам и многу не ме интересира како ќе бидам сватен од македонските медиуми, да сакам да говорам искрено и отворено, што со луѓето кои бараат ако не секојдневен ангажман од Скопје во матичната изборна единица. Тој мора да патува, мора да комуницира, ако не повеќе еднаш во месецот мора да оди, за да и постави на последниот четврток од месецот пратенички прашања кој му ги налагаат гласачите за да може утре со чисто лице да им каже, да господа, јас четири години бев присутен меѓу вас и го слушав вашиот глас, кој го пренесов преку Парламентот.

Значи, ние сме како држава и како раководство експерти од чисти работи да си правиме експеримент. Значи, секогаш сакаме да измислуваме топла вода, а топлата вода значи обична вода, ако ја ставиш на греач да ја згрееш. А, ние ја комплицираме на разно разни начини. А кој е патот на парите? Патот на парите од наплатната рампа до Македонија пат, до Фондот за патишта и се прави еден магичен круг без потреба и без причина.

Што ме погоди. Ме погоди деградацијата која ја правите према пратениците. Не само вие, зборам од 1990 година наваму. Но, пошто овој закон вие го давате, затоа и вас ви се обраќам и му дадов квалификација како што му давав квалификација, дека е повеќе од маркетиншки карактер, отколку што е од практичен карактер. Имаме 120 пратеника, таа е таа бројка која циркулира, која секојдневно се движи или не се движи. Тој што е од Скопје седи дома, тој што патува надвор си патува надвор. И вие за овие 120 пратеника, имам забелешки тука и за одредени други институции, кои исто така ги опфативте, но конкретно говорам за пратениците, затоа што сметам дека треба да се проговори, притоа заборавајќи дека функцијата пратеник во секоја нормална држава, па сметам дека и во Република Македонија треба да се вреднува со дигнитет. Затоа што 1990 година, одбравме сите ние повеќепартиски систем, се одлучивме кон демократија, се стремиме кон Европска унија и НАТО алијансата и веќе слушаните флоскули да не ги повторувам. И сега со овој закон и со сето она што јавно го прават против пратениците, и буквално јавно не плукат на секој чекор, ќе се зботати македонската држава, со тоа што ќе наплаќа на наплатните рампи во еден и во друг правец 200 или 300 денари. Не е проблемот во парите, проблемот е во односот и непочитувањето на овие 120 души кои се овде.

Значи, да се прекине со една лоша пракса, не дека денеска некој ќе направи маркетинг со овој Предлог на закон, кој слушнал, слушнал, кој вишол, вишол, кој не вишол, не вишол. Но, ако се носеа вакви работи требаше на почетокот на мандатот, да не кажам на начелото на мандатот.

Една друга битна работа. Во нашето опкружување, почнувајќи, еве ќе ја земам Србија за пример, Бугарија, Грција да не говорам, па и Албанија. Пратеникот, значи светос. За жал во нашата држава, пратениците и политичарите секогаш се поврзани со корупција и сето она што значи нешто негативно, нешто најлошо. Притоа, никој не ги спомна пример директорите на јавни претпријатија. Пример, еден директор на јавно претпријатие, како што беше ЕСМ, додека бев јас во Управниот одбор, но многу повеќе не одев, отколку што одев, не е ни тоа битно. Имаше некој коефициент 7, за разлика од пратениците кои имаат 3,5. Ова попатно го спомнав. Значи, да не се доведува пратеникот да се деградира, да нема место за повлекување терен и сме до зид, а слушајќи одредени македонски институции, што говорат пред недела дена околу разно разни закони, па и за Законот за пратеници, не исплукаа, не исплукаа, а притоа ние не знаеме тие господа колкав личен доход имаат и што уживаат од она што го држат, нели како функција.

Значи, сакам да го кажам следното. Пратеничките привилегии, можам да ги ставам под еден голем знак на прашалник од многу причини. Притоа, за жал ние секогаш сме на удар на македонската јавност, затоа што не гледаат по медиумите, а некои други на кој овие исти пратеници им чуваат грб и им даваат логистика, секој се од страна, и никој никогаш во ниеден контекс не ги спомнува, освен,или ако некој направил дебела дубара, па продал место во центарот по 25 евра, а кошта незнам 500 ил 1000 евра по квадратен метар. Само тогаш се спомнуват. Секогаш се виновни пратениците, секогаш пратениците не чинат, секогаш за нас прават специјални емисии, што е тоа што ние го уживаме. Па дајте да проговориме. Па и тие новинари што пишуват против нас, па и тие имаат екстра профит, екстра доход, што го добиваат на црно, па дајте да се договориме. Но, во конкретниот случај она што денеска го нудите господине Кошутиќ, на пример во глава 2, причина за донесување на законот, јас незнам кој го пишувал, не сум експерт од вашата бранша, но колку толку, поседувам ум и разум и можам да сфатам нешто. Вели, парите ќе бидат употребувани за постојано унапредување и подигање на квалитетот на услугите што ги дава јавното претпријатие на јавните патишта. Кажете ми кои услуги ги дава и кој квалитет ќе се подигне. Сакам да ми одговорите. Завршете со разговорот, јас ќе ве почекам.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам, господине Кошутиќ, вие сте овде да слушате, а не да разговарате со други пратеници.

**Александар Флоровски:** Кажете ми кој квалитет ќе го подигнете. Јас ќе застанам на рампа, ќе му ги дадам парите и ќе ја земам белешката. Што значи подигање на квалитет. Ќе отворите уште пет рампи? Да ви кажам една работа, ќе ми потврдат многу од пратениците. Кога ќе патувате во еден или во друг правец, север-југ земете го за пример, двете рампи обавезно се затворени. Работи само едната. Каде се другите вработени? Јас разбирам и кафе пауза да има и да ручаат и цигара да запалат и тоа е човечки, сите сме живи луѓе. Се паѓа во искушение, не е страшна таа работа. Говориме како луѓе. Но, ако мислите на подигање на услугите, знаете ли за мене што значи тоа. Тоа значи да отворите уште три, четири рампи во еден правец, па да имате проток на луѓе, на стока, на камиони, а не да ви се создаваат колони од сто, двеста метра. Па ќе му свирнеш, па ќе дојдеш до него, ќе те опсуе, или ќе те погледне попреку. Ќе му побараш легитимација, па сака да те зеза, не ти отвара рампа на време, провоцираат, има и такви ситуации. Може и вие сте се судриле. Сакам да го кажам следното дека ние пратениците сме исфрлени, на чело и ние сме тој објект, врз кој сите можат да плукаат, почнувајќи од медимите, па до обичните гласачи. За жал, ситуацијата ни е таква. Било кој од пратнениците без разлика дали припаѓаат на позицијата или опозицијата, интимно она што јас сега го говорам, ќе го потврдам дека е така. Друго е што налага што нареди партијата. Но, повторно ќе ви кажам,ова не ви прави маркетинг. Маркетинг значи да се направат крупни дела, кој ќе ги осети обичниот Македонец, обичниот човек, а такви обични луѓе во Македонија имате преку 400.000, кои не само што не врзуваат крај со крај, ниту животараат, ниту живуркаат, туку се само на чај и на леб. Иако веќе со овој закон сакавте да ја зголемите државната каса и тоа ми е разбирливо. Која е причината да ги рефундирате парите? Ќе правите нова институција, нови луѓе ли ќе вработувате, што е причината? Кој е тој квалитет што вие ќе го понудите на македонските граѓани. Еве јас ќе се апсоливирам, затоа што утре и јас ќе бидам обичен граѓанин, нема да бидам ни пратеник. Не е ни тоа битно. Животот тече, се менува, доаѓаат нови луѓе. Се се менува. Значи, тој што ова го пишувал прво мора да ми образложи, за да ме убеди да гласам за, што значи подигање на квалитет? Таква работа не стои, ова е толку сувопарно напишано, што можам да кажам дури дека не заслужува ни некое посебно внимание. Го кажав од едноставна причина затоа што некои од моите колеги се начнаа некои работи. Јас сакам да ја отворам работата како тефтер, затоа што ние сме ставени буквално на ветрометнина. Тоа е една лоша практика,која ни се провлекува низа години и мојата порака до идниот состав, здравје боже е, дека пратениците што ќе дојдат мора да се изборат за сопственото место, она што значи достоинство на еден пратеник. Знаете, небулозно ми делува да не кажам поинаку, некој погруб збор, сето она што е нечисто, што е лошо, што се врзува со сето она што значи негативно во едно општество, го првиме ние пратениците. Не е добра таа работа. Прво, не е добро за државата, не е добро за македонскиот Парламент, не е добро за македонската демократија, а на крај, не е добро за македонското претставување надвор, имајќи предвид дека ние овде едноставно сме една гласачка машина која гласа за или против, а овие што седат на овие лилјакови фотељи се тие кои ја дрмаат државата. Ќе продолжам. Ако ова е привилегија за пратениците за што македонските пратеници живеат. Дали имаат репрезентација, дали имаат сопствени возила. Имаме пратенички групи со по 30 души, со по една секретарка и по еден телефон и со еден компјутер. Дајте да говориме за тоа. Дајте за тоа да проговориме еднаш. Во контекс на ова затоа што овде не жигосавте дека пратениците уживаат привилегии со ова. Нема привилегии, но должност. Ова е должност и обврска на пратеникот, дококу неговата изборна единица го повика, мора да оди. Па да продолжам, почнувајќи од кафе пиењето, ручоците на нашите гости ги сносиме со сопствени трошоци. Дека немаме репрезентација, дајте да ги отвориме работите до крај. И уште еднаш ќе се вратам, парите ако повторно ги враќате зошто ви се потребни вакви акробации, да не кажам салто мортале. Без причина. И зошто во овој момент на ваков начин не се добиваат, уште еднаш ќе кажам, политички поени. За поука како се добиваат политички поени, бидејќи е предизборје, да отворите господа нови работни места. Парите што ги чува вашиот министер за финансии, она што е одредено за граѓаните, да ги дисперзирате, да стигнат до обичниот човек. Да ви кажам како се добиваат избори. Затоа што ако проработи стомакот, не работи паметот. Она што три ипол години не се работеше, зарем верувате дека со 4, 5 или 3 месеци, незнам кога ќе бидат изборите, ќе можете да го надокнадите? Апсолутно, не. Затоа сметам дека овој закон, не само што е излишен, дека треба да го повлечете. И да престанете со понижувањето на пратениците. Овде давате во членот 1, го менувате членот 109, давате приоритет во три точки, да не ги бројам, ги имате пред вас. Видливи означени возила на Армијата на Република Македонија. Човек просто да се чуди што значи видливо означено возило на АРМ. Тоа се знае. Има зелена боја и носи знак на АРМ. Зошто ги комплицирате работите. Тоа сакам да ви кажам. Без потреба. Овој што овие работи ги пишуваше, морам да признаам дека е супер ескперт. Ако се работи за помлад човек може да го носи епитетот на Вундеркинг. Многу обемен закон, тежок закон, од многу членови, т.е. од еден член.

Се менува членот 109. И повторно ќе се вратам на она што е тема и тука треба да биде тема. Дали со ова што денеска ни го понудивте нема да

ги ограничите тие пратеници што се избрани на други места , а треба се одзват на поканата на сопствените бирачи. И тука сметам дека треба да завршам, не за да не се повторувам, туку да навлезам во некоја друга материја, па некој погрешно ме сфати, не правам политички маркетинг, не ми е таа претензијата, иако ова што го нудите ми личи на таква работа, демек "се во име на народот". Јас ви кажав, народот бара други работи, народот бара конкретни работи, бара нешто опипливо, прагматично нешто да се пипа, а тоа значи леб и опстојување, тоа значи и работни места, тоа значи да не ги гледаме луѓето како буричкаат по контејнерите. Вас ви се обраќам, бидејќи сте единствен овде од Владата, а прашањето го упатувам до цела Влада, народот тоа го бара. Овој мој говор можеби повеќе се однесуваше на медиумите кои секојдневно не плукаат , секојдневно не омаловажуваат по разно разни теми, емисии и не нарекуваат: Тие 120 говеда кои седат во Парламентот. Имате и таква работа и ја дискутиравме тука со повеќе пратеници и од позиција и од опозиција. Господа, штом дојдовме на дереџе по телевизии да не нарекуваат 120 говеда од Македонскиот парламент, тешко нас. Затоа велам да го кренеме гласот, во иднина овој Парламент со некои други луѓе да добијат соодветен третман, да не бидеме изложени на потсмев, на омаловажување, на плукање и уште незнам што да ви набројам. Малку сум избеган од она што денеска е на дневен ред. Но, господине Кошутиќ сметам дека за општо добро,не е време за овој закон. Мој добронамерен совет е да го повлечете, да не ги доведувате не само пратениците, сите овде кои се наброени да се маткаат по рампите и некој таму да си игра со нивниот дигнитет. Затоа што ова што го говорам го говорам од лично искуство, а верувам дека такво негативно искуство имаат многу пратеници кои овде седат, кои не го говорат она што им се случило. Јас говорам она што мене ми се случило.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

По ваше мислење како тргнале работите време е да се направи синдикат на пратеници. Време е, бидејќи не постои законска пречка, ние сме вработени во Собранието, професионалци, а законот ни дозволува да направиме синдикат.

Има збор господинот Хисни Шаќири.

**Хисни Шаќири:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, дами и господа,

Пред нас имаме закон кој уредува едно прашање сосема поинаку во споредба со тоа што беше досега регулирано. Но, излегов на говорница да ви одземам малку време и да го искажам мојот став како пратеник околу овој закон кој нуди едно решение, да кажам едно несериозно решение, но исто толку и едно неподржливо решение. Со самиот факт дека овде се менува членот 109, еден член, се разбира има регулирано едно прашање, повторно ќе ви кажам, не на правилен начин, не на рамноправен начин граѓаните ги има ставено во една дискриминација, тотална дискриминација. Сега пратеникот нема право, обичниот граѓанин требал да плати патарина.

Ова прашање уште од почетокот беше погрешно, и сега ова што се нуди од страна на Владата, Министерството како решение ценам дека е како едно катастрофално реашение. Во одсуство на доволни сознанија, во отсуство на сознанија за да имаме правилен третман на оваа област, сега одиме од едно решение кое беше погрешно, сега одиме во едно друго исто погрешно решение. Зошто го велам ова? Имам во предвид еден факт. Ве молам јас секојдневно патувам од Куманово до Скопје . Од Скопје до Куманово има 35 км, дали го знаете ова. Ние за 35 км, имаме две патарини каде треба граѓаните да платат два пати само да дојдат до Скопје, фактички една карта за Скопје кошта многу помалку, со една помала цена од тој што доаѓа со свое возило за Скопје и поминувајќи ги овие две патарини треба да плати многу повеќе. Тоа е еден катастрофален систем на еден начин сме ги оштетиле нашите граѓани. Ова е една реалност . Ова прашање до сега никој го нема третирано. Од Куманово до Скопје имаме 35 км, имаме два наплатни пункта . Од Тетово до Скопје, и овој пат го поминувам исто така , од Тетово до Скопје имаме една прва патарина, во Желино имаме втора патарина, излегуваме од Тетово имаме трета патарина, и во влезот на Гостивар имаме четврт наплатен пункт.

Каде има во Европа кој има еден ваков систем на функционирање за да се прибираат пари, за да се плати тој автопат. Овој систем ни е катастрофален и доколку одиме на тој начин и некој може да каже дека од Министерството ги брани интересите на државата, тој не ги брани интересите на државата нарушувајќи ги правата на граѓаните, на тие граѓани коои имајќи потреба за да дојдат во Скопје, имајќи желба за да ги изнесат своите земјоделски производи во Скопје од Струмица или од Штип, или од Велес или од Прилеп, или од Тетово, или од Струга, тој треба колку што го продава својот производ на пазарот толку ќе го чиини патарината што треба да ја плати на наплатните рампи. Ова е вистина. Ако нешто додавам и говорам нешто што е надвор од реалноста, сакам да ме демантирате на сето ова што го велам, имено од Министерството за транспорт и врски. Во отсуство на познавањето на оваа проблематика, во отсуство на други прашања, бидејќи многу е лесно од Кабинетот да донесеме закони и да говориме дека е во функција за да се расчисти ова прашање. Ние на крајот за да воспоставиме еден функционален систем , за да донесеме еден закон кој ќе биде од функција, ние треба да ги земеме искуствата од другите држави. Зошто не направиме преку регистрацијата на возилата да ја платат оваа патарина која фактички е практика во многу западни држави, многу држви кои претендираат што помалку да имаат проблеми и ова прашање

го имаат решено на овој нач!ин, а не на друг начин. Ние нудиме едно решение, сега мислиме дека тоа решение ќе биде добро во споредба со она што сме го имале досега, попрофитабилно и попогодно за да ја надминеме оваа состојба бидејќи некој наводно врши злоупотреби. Но и за ова прашање ги терате да излезат граѓаните од Република Македонија кои имаат по едно возило и да излезат да протестираат затоа што им правиме неправди. Бидејќи ако ние го штитиме овој систем и го чуваме овој систем што сме го имале досега во однос на патарината, мене не ме интересира дали ќе плаќаат пратениците, или министрите, напротив овде имаше една дискриминација во однос на граѓаните. Зошто да не плати пратеникот, или министерот? Јас сум за тоа. Тогаш се знае дека тој има многу поголема плата од обичниот граѓанин. Ова е срамота. Но, треба да ја видиме и другата работа. Дали може граѓаните да се соочат со овој систем како што функционира моментално. Повлечете го овој закон. Јас би апелирал до сите да не гледаме еден личен итерес, бидејќи во моментов мислиме дека штитиме еден интерес. Вака не се штити интересот на државата, не се збогатува државната каса, или буџетот. Вака само правиме големи злоупотреби и малверзации во однос на сето тоа што е граѓански џеб. Овој систем и овој начин на решавање на проблемите со кој го предвидувате како Министерство, би рекол, да го повлечете законот и ова прашање да го разгледате, да го преиспитате уште еднаш да воспоставите еден систем за да се реши овој проблем, да се најде едно решение кое ќе биде прифатливо за сите и да бидеме внимателни. Конкретно јас предлагам да оди преку регистрацијата на возилата, бидејќи се знае во таа постапка секое возило треба да помине. И сега доколку сакаме да го расчистиме овој проблем за да плаќаат сите, повторно ќе има злоупотреби. Но ако сакаме да воспоставиме еден законски, функционален систем, тогаш да одиме со регистрацијата на возилата да се плати патарината и нема да има исклучоци. Сите треба да ја платат патарината, но не на овој начин. На 300 метри имаме рампи и треба да платиме. Ова е смешно. Дури и туристите, странските државјани кога доаѓаат кај нас и кога го гледаат ова ниво на контролата на нашите магистрални патишта, се прашуваат дали се во Македонија или се во некој дру свет. Ова се случува само кај нас и на друго место не се случува. Зато би го замолил Министерството и пратениците да бидат внимателни, околу овој закон да не се произнесеме, туку да побараме едно друго решение.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе,

Во причините на Предлог законот за измена и дополнување на Законот за јавни патишта со Предлог на закон,помеѓу другото стои дека во постојниот Закон имало одредби коои што придонеле да се создадат услови за оштетување на Фондот заради преголемиот опфат на корисници би кажала на услугите на Јавното претпријатие, значи сите оние кои што минуваат а кои што не плаќаат и од тами произлегува таа голема штета на Фондот и беше спомнувана овде и другата причина, а тоа е злоупотребата која што не е наведена во Предлогот на законот, меѓутоа се спомнува дека ваквиот преголем опфат на корисници кои што поминуваат без да плаќаат го уназадува подигањето на квалитетот на услугите коои што треба да ги дава Јавното претпријатие за јавни патишта . Јас мислам дека не може да се каже дека од овој незнатен број на возила од субјекти произлегува ваквата состојба во која што се наоѓа Јавното претпријатие за одржување на патиштата и дека сега со ваквиот Предлог на закон, со ваквото решение кое што ни се нуди веќе нема да има штети, нема да има злоупотреби и ќе може Јавното претпријатие да го подигне квалитетот на услугите. Незнам дали е така како што мисли предлагачот, но апсолутно се согласувам со најголем дел од дискусиите на колегите. Мораме да имаме во предвид дека и Собранието и Владата на Република Македонија и Царинската управа и Јавното претпријатие, значи сите овие корисници на ваквите услуги, односно сите оние кои што поминуваат низ патарината и без оглед на тоа што во моментов не плаќаат, или ако плаќаат истите тие средства ќе мора државата од буџетот да ги рефундира и да ги врати назад, дали тоа ќе бидат пратеници, дали тоа ќе бидат царински работници, дали тоа ќе бидат инспектори. Не може еден царински работник кој што патува секој ден да не му бидат исплатени трошоците, ниту пак инспекторите да им бидат исплатени средствата кои што ги даваат за патарина. Значи, сите овие вработени во сите овие институции си ги собираат сметките и си ги даваат на администрацијата онаму каде што работат, ние како пратеници во Собранието, претставниците на Владата во Владата , тие од царината во царината, јавните пратепријатија итн. И сега администрацијата треба постојано да биде оптоварена со собирање на сметки, со педантно бележење и со постапка за рефундирање за враќање на тие пари. Дали воопшто размисливте дека со тоа ќе се зголеми обемот на работа на администрацијата, дека ќе има потреба од дополнителни трошоци за нови вработени кои што ќе се грижат за вакво педантно бележење на сметките, собирање, вадење и враќање назад на парите на сите овие субјекти кои што ви се наведени во вашиот Предлог на закон. Значи, дали со тоа, со ваквото зголемување на трошоците на Буџетот на административни работници вие ќе прридонесете да се подобрат услугите, односно квалитетот на услугите на Јавното претпријатие. Имаме една состојба како што кажаа и колегите од Буџетот на државата се земаат пари за повторно да се вратат на Вуџетот на државата, бидејќи сите овие субјекти кога ќе ги достават своите сметки парите треба да им бидат вратени. Тогаш, која е логиката на ваквото решение освен зголемување

на администрацијата, дали сакате да вработите нови луѓе во администрацијата за да може ова законско решение да биде имплементирано, бидејќи тогаш ќе се судрите со зголемен обем на работа на администрацијата секаде и во Собранието и во Владата и во Царината и во сите други служби. Која е лигиката да се носи вакво решение кога навистина не постои никакво оправдување, никакви дополнителни средства нема да влегуваат во буџетот на државата, ниту пак на јавното претпријатие. Не знам колку е умесно да стои и ова решение со кое што се иземаат хуманитарните организации за превоз на помош за Република Македонија од бенефицијата тие да поминат без плаќање на патарина. Тие вршат таква благородна дејност, значи пренесуваат помош на хуманитарните организиации, а од друга страна се товарат со дополнителни трошоци за патарина. Тука многу сериозно треба исто така да размислите. Впечатливо е и уште нешто, во претходното, односното сегашното законско решение во членот 109 имаше и став 2 во кој што се зборуваше дека возилата кои што се ослободени од надоместокот за плаќање мора да поседуваат исправа со која се потврдува нивното право на ослсободување издадено од Фондот за магистрални и регионални патишта. Сега е избршан овој став и воопшто останува недефинирано кој орган ќе ги издава исправите за ослободување на овие возила. Значи, мора да бидете јасни и да се знае кој ќе биде тој што ќе ги издава вакивите исправи.

Од друга страна воопшто не се разговара овде и воопшто не се спомнува појавата на неконтролирано одлевање на средства од веќе извршената наплата, како и со неприбирање на поголеми износи на средства со избегнување на наплатните рампи од товарните возила со пиро ознаки кои што возат по спредни патишта на кои што е забрането нивното движење. Што ќе направите во тој однос? Бидејќи голем дел од средствата кои што треба да влезат по основ на плаќање на патарини од овие субјекти ги нема во касата внесени. И сега остана дека Буџетот на државата е оштетен токму од субјектите кои што се наведени овде, тоа е Собранието и Владата, значи и пратениците и сите оние субјекти од Собранието кои поминуваат низ патарините, од претставниците на Владата, на царинската управа и кога тие ќе почнат да си плаќаат, е веќе тогаш нема да имаме никакви проблеми.

Не треба да ја доведуваме јавноста во забуна, ваквото законско решение воопшто не оди во прилог на целта што си ја имате поставено во образложението за носење на овој закон. Ништо нема да постигнете. Истите пари ќе се вртат во круг, само дополнителни трошоци околу администрирањето за завршувањето на рефундирањето на платените средства. Само тоа ќе имаме, ништо друго.

Мислиме дека овој Предлог на закон треба да го повлечете и многу сериозно да се размисли на кој начин да се уреди ова прашање, се со цел да немаме избегнување на плаќање на патарината од другите корисници, на кој начин се заобиколува плаќањето на патарината, тоа значи една сериозна анализа од која што ќе произлезат навистина добри решенија што ќе овозможат Јавното претпријатие да ги подобри услугите за сите корисници.

Од тие причини, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да го подржи ваквиот Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за јавни патишта. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Двајца пратеници се јавија за реплика во текот на дискусијата на госпоѓа Бонева. Тоа се господинот Макрадули и господинот Најдовски.

Првиот е господинот Макрадули, повелете, имате три минути реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Со оглед на тоа што делумно пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ гласаше против Законот за пратеници, мислев дека сега ќе го подржат овој закон. Но, очигледно личното преовлада во овој момент.

Сакам да реплицирам во однос на неколку искажани ставови што, уште еднаш ќе кажам, непотребно го рушат угледот на институцијата пратеник.

Со минатиот Закон, од плаќање биле ослободени возилата на Собранието на Република Македонија, а не возилата на пратениците во Собранието на Република Македонија. Значи, во ниту еден момент возилата на пратениците не биле ослободени од плаќање.

Второ, не можам да ја разберам тезата за нови вработени или за зголемен обем кога било кој кога оди службено на пат добива патен налог. Патува со патен налог. Врз база на патниот налог ги приложува сметките што ги прави, ги приложува ливчињата или фискалните сметки што се сега од патарините и врз база на тоа нему му се рефундира тој трошок. Но, кога ќе оди приватно, тој не може да добие рефундација, бидјеки нема патен налог. Што значи минимум 1000 возила, што јас ги избројав овде ќе бидат обврзани да плаќаат, автоматски ќе го полнат Фондот со дополнителни средства, што потоа ќе се искористат во електронското подобрување на работата на системот и ќе доведат до зголемување на квалитетот на услугата.

Тука ја гледам причината зошто се носи ова. Да не замижуваме пред фактите. Илјада возила што според минатиот Закон не требале да плаќаат патарина, сега ќе треба да плаќаат патарина. Ги молам сите пратеници да не ги спомнуваат пратениците, непотребно си фрламе самите вина дека тука нешто правиме незаконски или сакаме нешто да злоупотребиме. Напротив, сакаме да регулираме една материја што некој, затоа што добил пропусница од некого, ја злоупотребува кога оди во приватни цели. Нема во приватно патување кој да му рефондира и автоматски

Буџетот на таа институција ќе се зголеми. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Госпоѓо Бонева, една минута, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван господине Макрадули,

Вие зборувате и префрлате вина на пратениците дека тие злоупотребуваат, со тоа што не плаќаат средства на патарината тогаш кога патувале приватно.

Јас ќе ве прашам дали вие воопшто имате евиденција колку од пратениците и колку денови во неделата тие патуваат приватно и ја злоупотребуваат ваквата привилегија? Мислам дека неоправдано зборувате, тоа што го зборуваа претходно колегите дека, ако вака се размислува, треба сериозно да се одговори на прашањето колку пати во неделата пратениците доаѓаат, надвор од тоа што имаат обврска да дојдат за седница? А, Законот за пратеници, апсолутно нема никаква врска со дополнителните трошоци што сега ги предвидувате соовој закон во врска со рефундација на средствата што треба пратениците и ...

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Најдовски, имате три минути.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе,

Моето е повеќе, согласно Деловникот, дообјаснување, не е реплика, не знам како тоа госпоѓа Бонева ќе го сфати, но ...

**Љупчо Јордановски:** Вие немате право, според Деловникот, да дообјасните. Само тој кој зборува, ако не бил добро сфатен има право да се дообјасни.

Вие имате право да дадете реплика. Затоа, повелете на реплика.

**Слободан Најдовски:** Ајде претседателе, не е така како што велите, но да прифатам, сепак почитувам хиерархија, претседател сте. Но, не е така.

Добро, во ред.

Сосема кратко. Еве да допрецизираме некои нејаснотии што беа изречени во дискусијата, намерно или ненамерно. Затоа не сакав да кажам дека е реплика.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е реплика, повелете.

**Слободан Најдовски:** Зборувајки, госпоѓа Бонева, околу самиот закон го загатна и прашањето дали Јавното претпријатие добро наплатувало или не, се одлевале веќе готово наплатени финансиски средства. Јас не навлегувам во тоа, но со податоци, со бројки нешто да кажеме.

Со оглед на тоа што директор на Јавното претпријатие поставува Владата што значи преку тоа се гледа како работела Владата на овој план.

Во 2002 година, запаметете добро, наплатени од патарините во Република Македонија 350 милиони денари. Во 2003, кога имаме нов директор и нова Влада, наплатени 728 милиони денари, што значи 100% зголемена наплата. 2004 година 750 милиони, 2005 година 759 милиони. Така што, кога зборуваме, да зборуваме со бројки, иако со другите дел од дискусијата се согласувам, но ако веќе зборуваме околу наплата во ЈП "Македонијапат" тогаш бројките покажуваат дека ова раководство 100% ја зголемила наплатата во однос на 2002 година. Тоа е со бројки. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Почитуван колега,

Тенденцијата на раст на бројките, што укажува дека се зголемува уплатата, не значи дека нема злоупотреби, бидјеки тоа го кажаа многу колеги тука, меѓутоа беше искажано и од страна на Владата. Тоа значи дека не сум јас таа што го констатирала таа. Тоа го зборуваат и граЃаните, тоа го кажа и Владата и колегата од парламентарното мнозинство кој зборуваше за злоупотребите. Во тој однос беше мојата дискусија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов, имате збор, повелете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** И на крај памет не ми падна дека ова прашање ќе предизвика ваква жолчна дискусија и можеби мојата дискусија ќе беше повеќе на шега до колку господинот Најдовски не се јави за реплика, па ги кажа бројките што ги кажа.

Сакам да го потсетам дека во 2002 година, што ја зема како репер, цените за плаќање на патарината беа пониски од оние што се сега и дека дел од патарините тогаш, во добар дел, од време на време не работеа. А, дали господинот Најдовски е загрижен затоа што директорот на Јавното претпријатие е од неговата партија...

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов, ова да ви го сметам за дигресија, па бидјеки дигресијата заврши, продолжете.

**Ѓорѓи Трендафилов:** За дигресија да, дека најмалку еднаш-два пати, подржан од Либерално демократската партија, за да не ја изгуби позицијата.

Е сега, за законот.

**Љупчо Јордановски:** Ајде за законот.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Кошутиќ,

Вака како што е предложен законот, јас ќе го прифатам во целост, со сите овие многу членови што сте ги ставиле, но би ве замолил да размислите, мојата сугестија е сега да го повлечете Предлогот, дали ви паднало на памет дека Велешани не можат да дојдат во Скопје, едноставно затоа што нема друг патен правец? Дали ви паднало на памет дека за таа кратка релација од 30-тина минути Велешани напати возат како низ сафати зона? Дали ви паднало на памет дека одроните што се секојдневна појава, особено овие денови кога има дожд? Не, јас не гледам некоја од овие служби што ги кажавте дека се нештопосебно агилни?!.

Ставете ги овие две, земете ги во предвид овие забелешки дека Велешани не можат да одат во Скопје, земете во предвид дека товарните возила го користат стариот пат, делумно, кај Катланово па имаат проблеми со локалната самоуправа од општина Петровец затоа што таму годишно, секогаш, поради училиштето и бидејки сред село, сред општината минува патот, секогаш има најмалку 3-4 жртви кои завршуваат трагично во текот на една година и тогаш вратете се, токму вака како што е, значи ништо немојте да менувате, овие членови што ги ставивте нека останат, само да видам дека вие се загриживте за унапредување на квалитетот на услугите што ги давате, тоа значи дека во меѓувреме ќе подигнете мрежа, во меѓувреме ќе интервенирате на дупките, ќе направите потпорни ѕидови и ќе земете во предвид дека на 60 илјади луѓе кои живеат во Велес, да не зборувам за цела Источна Македонија, на 60 илјади луѓе вие не им овозможувате право на избор. Дали тој воопшто сака да плати патарина? Па, ќе се борат со сообраќајната полиција во Велес, па ќе се борат со сообраќајната полиција на патарините, можеби моето скромно познавање на Законот во земјава е недоволно, но јас мислам дека таа и нема право да интервенира до колку некој од Велешаните не сака да ја плати патарината.

Земете ги овие забелешки во предвид, донесете го истиот овој Предлог со овие членови, го имате мојот збор дека јас ќе гопдржам законот. Вака, како што е, освен ова, причиниза донесување на законот, што е крајно смешно, затоа што она што ние многу тенденциозно го нарекуваме автопат, излегува, малку помодерно кажано, џаде што велат старите. Вие, со ништо не сте направиле за овие години station наназад, не говорам само за вас, откога е направен, знаете вицот како почнува: чекале Велешани, мислеле граница ставиле Скопјени уште во 6,00 сабајлето кога почна патарината да работи, доле, на Езеро. Донесете ги овие измени, но со овие забелешки што вигикажувам земајки ги предвид правата н алуѓето кои живеат воодреден регион.

Ние живееме на 30-тина минути возење од Скопје и сепак, повеќето Велешани секојдневнос е соочуваат со пробелми. Можевте да направите еднаш годишно, не знам, да побарате од секој пратеник одреден износ да плати, можевте да ја ставите цената во регистрацијата, можете било што да направите, ама ова, навистина не мислам дека ќе не доближи поблиску до Европа господине Кошутиќ, во секој случај.

**Љупчо Јордановски:** Што значи, ако немаме право на избор, законот е противуставен? Според вашата логика. Бидејки рековте дека не може да изберат по кој пат.

Повелете, еве ова нека биде реплика.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Правото на избор е елементарно право, без оглед дали станува збор дали некој ќе се движи по еден или по друг правец или ќе одбере нешто да купи или ќе одбере нешто да направи.

Треба да има човекот право на избор. Државата е таа што треба со своето однесување да го дава тој пример. За жал, во голема мерка институциите на системот тоа не го прават.

И самите сте свесни дека еден од Велес да дојде да се разбере со некое минситерство му треба најмалку 10 пати да дојде. Тој не е виновен затоа што Владата на Коалицијата што е сега на власт, се обидува да направи едношалтерски систем. Но, тој тоа го плаќа од сопствен џеб, а не мора тоа да го прави.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, па и јас тоа го тврдев, значи законот е противуставен, во крајна линија.

Господине Најдовски имате реплика, три минути.

**Слободан Најдовски:** Со оглед на тоа што бев спомнат господине претседателе, господинот Трендафилов рече дека бројките не можат да се споредат заради тоа што цените не биле исти.

Периодот за кој што се дадени бројките, цените биле исти и во 2002, во 2003, во 2004 до август 2005 година.

Втората забелешка дека и по однос на тоа што дел на наплатни рампи не се наплаќало, тоа е резултат на политиката на тогашната Влада.

Така што, прво, бројките се точни, немало поскапување до август 2005 година, а бројките можат да се компарираат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Трендарфилов, повелете една минута.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Во поглед на 2002 година, викажав дека делумно, во тој период, дел од наплатните пунктови на Јавното претпријатие не беа во целосна функција.

Второ, знаете за кои пунктови зборувам,како второ, оваа ваша загриженост, претпоставувам премногу ве потресла затоа што јас барем знам најмалку двапати директорот на Јавното претпријатие бараше интервенција и заштита од вас, затоа што и во Владата им дошол, најверователно, преку глава.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, повелете. Но, морам да ве известам дека во 16,30 часот ќе ја прекинам седницава, а се надевам дека и господинот Караџоски ќе дојде на ред, па затоа да бидеме пократки. Да бидеме пократки, мислам дека е се кажано.

**Спиро Мавровски:** Почитуван заменик минситре, почитувани колеги,

Еве, голем дел од мојата дискусија што сакав да ја кажам, повеќето од пратениците ја кажаа...

**Љупчо Јордановски:** Почекајте господине Мавровски,

Молам, нека излезат пратениците, а кога излегуваат не мора да прават муабет.

Продолжете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам.

Затоа што причините, како што се излезени во Предлог законот што е пред нас ни кажуваат за

нешта, дека има проблем во наплатата и дека, на крајот на краиштата, овие средства ќе бидат употребени за постојано унапредување и подигање на квалитетот на услугите што ги дава Јавното претпријатие на јавните патишта.

Сега слушнавме еден коментар од колегите пратеници од позицијата кои кажуваат дека наплатата е зголемена 2-3 пати, не знам оваа година можеби повеќе, според ова што се кажува таква ситуација нема. Тоа е првото мое мислење.

Второто мое мислење, ова што господинот Трендафилов пред малку го кажа, автопатот е опасност и не знам колку од пратениците тука доживеале, на ваков или таков начин, несреќи на патот, затоа што тој личи на се, ама на автопат многу малку.

Јас сега ќе псотавам едно прашање, бидејки имате податоци, знаете што и како е, јас ќе прашам во овие 4 години дали има некој податок за поминување на возилата на КФОР, на УНПРОФОР, на УМПРЕДЕП, колку пари се дадени во Министерството или Фондот за патишта и колку од тие средства се искористени за поправка на патиштата, затоа што, редовно доаѓајки Битола-Скопје можеме да видиме нема месец некој мост да не се прави или да не е отворен, се крпи дупка додупка, но автопатот веќе не е она што беше. Тоа е нормално, после толку возила да поминат на него, мислам дека имаме катастрофална состојба што средствата, за кои што вие кажувате и поради што го носите овој закон, според мене, апсолутно нема да придонесат ништо.

Зошто го велам тоа, затоа што многу од колегите пратеници си кажаа, тие средства, преку патни налози од Буџетот на Република Македонија, штоби рекол нашиот народ од шупливо во празно прелевање и само админситративни обврски и префрлање на работите.

Тука не се решава пробелмот. Апсолутно не е решен.

Но, да видиме што до сега се можело, а не се направило?

На овие неколку години на автопатот се случиле многу несреќи. За жал, од колегите, а меѓу нив сум и јас, се случилои тоа да на автопатот сме гледале кучиња, коњи, магариња и не знам уште што не, завршиле со многу несреќи, но сето тоа се води под автопат и нешто патишта што се, да кажеме, најважните во Република Македонија. А, што да говориме тогаш за останатите патишта по кои што треба да се движиме, на Плетвар или не знам каде секојдневно се случуваат несреќи?

Тоа е тоа, па ако мислите дека со ова ќе ја поправите услугата, апсолутно не сте во право. Затоа што со овој закон требаше да доставите и предлог на она што го очекувате како прилив од сето ова, колку средства ќе се добијат во Фондот за патишта или во Министерството за транспорт и врски.

Сега, директно ќе ве прашам што до сега не сте направиле, а веќе триипол години поминаа, еве март месец 2006 година, Управата за јавни приходи, со своите инспектори помина, речи си, во сите дуќани и во Битола и низ цела Македонија се затвораа дуќани, се затвораа работилници, затоа штоне поседувале фискална сметка.

Е сега, ако тоа се бара од приватници или некои кои продаваат семки и сончоглед да имаат фискални каси, на територијата на Република Македонија поминува огромен број на возила на овие наплатни рампи и до сега фискална сметка не се дала никому.

И сега, ако ние бараме проблем во тие 20-50 возила од Собранието и дали ги има и толку што се движат кон Скопје и од Скопје, апсолутно, не го решава проблемот. Тоа не е решение на проблемот. Решението на проблемот е во самите служби, во оние луѓе кои што работат на наплатните рампи и во Фондот за патишта и Министерството за транспорт и врски.

Зошто го велам сето тоа? Вие апсолутно, ништо не направивте да добиеме една посуфистицирана метода, за тоа дали тоа ќе биде електронско наплаќање со картичка, или не знам кој начин автоматизиран, со кој што ќе исклучите било каква индивидуална можност, некој да манипулира. Сега кажуваме дека и на вакви манипулации на кои што сме сведоци сите, дека сето тоа е во ред и вие дека имате зголемена наплата, но овие 20-50 возила ако сега плаќаат, ќе се реши проблемот во Фондот за патишта. Апсолутно, некоректно. Мислам дека и ова што го исфрливме од членот што се промени, членот 109 мислам дека она што значи странски дипломатски конзуларни претставништва, ако имаме ние такви билатерални спогодби, како што пишува во Законот, мислам дека сме обврзани тоа да го направиме. Дали тоа ќе биде со картичка, која што ќе ја добиваат на самиот влез во Република Македонија , или не знам како, тоа мора да функционира.

Во однос на хуманитарните организации, наменети за превоз на хуманитарна помош, тие повеќе се исклучени од сето ова. Не ги видов никаде возилата на НАТО. Дали се исклучени, вклучени, треба да плаќаат. Прашав колку пари имаат платено, каде се искористени тие пари, апсолутно, како пратеници немаме никаква информација. Мислам дека штетите што се направени со поминувањето на тие возила, не знам каков материјал што се носеше од Грција кон Косово, ги уништи нашите патишта. Колку за тоа возврат е добиено, не знам.

Во однос на она што беше Јавното претпријатие наменето за одржување на магистралните патишта, за мене, апсолутно непоимливо е некој што со возилото на Јавното претпријатие оди да пополнува некоја дупка и да го чисти патот, треба да плати патарина. Ова што вие го исклучувате. Сега, таа патарина каде ќе оди? Во Јавното претпријатие? Мислам дека нема апсолутно никаква логика. Овие други возила што велите од Министерството. Си има патен налог од секое

претпријатие и сите што одат со патен налог, тие пари се враќаат. Тоа е од Буџет во Буџет. Тука нема апсолутно никаква добивка Јавното претпријатие. Јавното претпријатие треба да ја гледа загубата, ако ја има, или можноста за порегуларно, она што е направено да се направи, исклучување на индивидуалноста.

Значи, барање на автоматизам по кој што сите ќе плаќаат, или нема да плаќаат, затоа што овој начин како што оди вака, мислам дека не нудите решение. Самите заглавувате во нешто, од кое што не ќе можете да излезете. Не се работи за пратениците. Не се проблем пратениците. Јас ви кажав 20-50 луѓе кои доаѓаат и си одат. Дали ги има и толку. Повеќето се од Скопје. Тоа не го решава проблемот. Мислам дека за ова што нудите како причини, апсолутно, не сте во право, затоа што може сите тоа да го обезбедите. Во однос на наплатата, јас не можам да сфатам дека патарината во меѓувреме е покачена 150%. Од декември месец се најавува дека ќе се намали, три месеци, апсолутно, нема никаква реакција. Кога е за покачување се кажува уште дента и другиот ден веќе патарината е зголемена. Сега се расправаме, размислуваме и не можеме никако да се договориме. Мислам дека она што го кажаа пратениците треба да се разгледа, овој Закон треба да се повлече, да видите што всушност, нудите. Да се најде правиот начин за да можете со нешто ново да излезете, затоа што ова не нуди ниту три наплатни рампи отворање, како што треба да биде. Нормално, ќе се чека по 5 и по 10 и по 20 минути во лето, но тоа е тоа што го имате во моментот.

Во однос на патиштата, дали ќе ни бидат доста и овие средства од патарината, мислам дека се малку, дека ќе треба многу поинтензивно да се работи и ова што го кажа господинот Трендафилов, во однос на патот Велес - Скопје треба да се размисли и за другите патни правци мора да се направи решение, тие патишта да се доведат во функција на автопат, а не во функција автопат на кој што има сообраќајни знаци од 30 - 40 км. Тоа апсолутно ниту е сигурно, ниту е безбедно, ниту може да претставува автопат. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, тука ќе ја завршиме расправата за денеска.

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Има двајца пријавени.

(Седницата прекина со работа во 16,30 часот).